Врз основа на член 35 став 2 од Законот за земјоделството и руралниот развој (Службен весник на Република Македонија бр 134/07), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА,ОДНОСНО ХИГИЕНСКА ПРАКСА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведување на добрата земјоделска, односно хигиенска пракса.

### Член 2

(1) Начинот на спроведување на Добрата земјоделска, односно хигиенска пракса (во понатамошен текст ДЗП) во смисла на овој правилник е уреден со Кодексот за добра земјоделска, односно хигиенска пракса од Прилог , кој е составен дел на овој правилник.

(2) Кодексот за добра земјоделска, односно хигиенска пракса се содржани одредби кои се во согласност со националното законодавство.

(3) Добра земјоделска, односно хигиенска пракса – е извршување на земјоделски активности на начин кој овозможува добро управување на земјоделските површини земајќи ги во предвид климатските карактеристики на регионот, вклучувајќи ги и постоечките земјоделски системи, употреба на земјоделското земјиште, плодоред, земјоделски практики и структура на земјоделските стопанства.

(4) Целта на ДЗП е да се намали негативното влијание на земјоделството на животната средина и да се спречи исцрпувањето и нерационална употреба на главните природни ресурси (почва, вода, животни, растенија и предели).

### Член 3

Добрата земјоделска, односно хигиенска пракса се засновува на примена на агротехнички и други мерки кои се изведуваат од следниве начела:

- висок степен на заштита на здравјето на потрошувачите,
- заштита на природата,
- одговорно управување со земјиштето, одржување на плодноста на почвата, нејзината структура и нутритивниот систем,
- одговорна употреба и заштита на водата,
- зачувување на биодиверзитетот,
- безбедно користење и складирање на фито-фармацевски средства, опрема за заштита и безбедности методи на работа,
- управување со органски отпад,
- водење и чување на документација за активности на земјоделскиот имот.

Нацрт верзија

Член 4

При примената на ДЗП, земјоделските производители треба да се раководат и да ги почитуваат следниве принципи:

- примена на најдобрите земјоделски практики при производство на храна за луѓето и животните, засновано на барањата за одржливо земјоделство,
- Земјоделското производство да се остварува со комбинирање на најдобри земјоделски практики,
- Заштита на животната средина и оптимално користење на природните ресурси,
- Примена на земјоделски технологии кои вообичаено се применуваат во Република Македонија и кои водат сметка за заштита на земјиштето, благосостојбата и здравјето на животните, хигиената, здравјето на растенијата, безбедноста на храната и грижата за општото здравје.

Член 5

За да се остварат начелата и принципите од членовите 3 и 4 на овој правилник, земјоделскиот производител треба да:

- ја чува довербата на потрошувачот за квалитетот и здравствената исправност (безбедност) на храната,
- го минимизира загадувањето на околината,
- ја редуцира употребата на хемиски препарати,
- овозможува унапредување на ефикасноста на користењето на природните енергетски ресурси,
- се однесува одговорно во однос на здравјето и безбедноста на работниците и севкупната одговорност во работењето,
- практикува одговорен однос и грижа за благосостојба на животните.

Член 6

Начелата и принципите на ДЗП од членовите 4 и 5 може да послужат како основа за поттикнување на примента на агро-еколошките мерки и користење специфични субвенции и плаќања за таа намена како и услов за користење на одделни мерки за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија".

Бр.______________

_____________2009 година

Скопје

Министер, с.р.

Љупчо Димовски

Нацрт верзија

# Прилог

# КОДЕКС ЗА ДОБРА ЗЕМЈОДЕЛСКА, ОДНОСНО ХИГИЕНСКА ПРАКСА

Нацрт верзија

**(Ноември 2009)**

I. Вовед_____2

Вршење земјоделска дејност_____3

Шумарство_____ 6

Пасишта_____ 8

Земјоделска механизација_____ 9

II. Почва_____ 14

Ѓубрења_____17

Органско производство_____ 19

III. Вода_____24

Заштита на води_____26

Водостопанства_____ 30

IV. Заштита на природата_____32

Животна средина_____47

V Заштита на растенија_____48

VI. Благосостојба на животните _____ 52

VII Безбедност на храна_____75

Нацрт верзија

## I.Вовед

Основата за изготвување и донеување на овој правилник е член 35 од Законот за земјоделството и руралниот развој, со кој министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство го пропишува начинот за спроведување на добрата земјоделска, односно хигиенска пракса. Субјектите кои се занимаваат со производство на земјоделски производи и се наменети за промет мора да ја почитуваат добрата земјоделска, односно хигиенска пракса.

Основниот мотив и потреба на правилникот за начинот за спроведување на добрата земјоделска, односно хигиенска пракса произлегува од потребата за приближување на националното законодавство со европското кое ја уредува дадената област.

Добрата земјоделска, односно хигиенска пракса претставува спроведување на земјоделски активности на начин кој овозможува одржливо користење на земјоделските површини водејќи сметка за агро-еколошки карактеристики на регионот, вклучувајќи ги и постоечките земјоделски системи, употреба на земјоделското земјиште, плодоред, земјоделски практики и структура на земјоделските стопанства.

Кодексот за добра земјоделска, односно хигиенска пракса представува збир на задолжителни одредби од важечките закони од националното законодавство од областа на земјоделството, ветеринарството и заштитата на животната средина а се однесуваат на добрата земјоделска, односно хигиенска пракса.

Во Кодексот за ДЗП се користени следните законски регулативи кои се однесуваат на Добрата Земјоделска,односно хигиенска Пракса и тоа:

| | |
|---|---|
| **1** | Закон за земјоделско земјиште, Службен весник на Р. Македонија бр.135 од 2007 година |
| **2** | Закон за земјоделството и руралниот развој, Службен весник на Р.Македонија бр. 134 од 2007 година |
| **3** | Закон за вршење на земјоделска дејност, Службен весник на Р Македонија бр. 11 од 2002 година; Измена и дополнување 18.07.2008 |
| **4** | Закон за води, Службен весник на Р. Македонија бр.87 од 2008 година |
| **5** | Закон за водостопанствата, Службен весник на Р. Македонија бр.85 од 2003 година |
| **6** | Закон за органско земјоделско производство, Службен весник на Р. Македонија бр 146 / 2009 |
| **7** | Закон за пасишта, Службен весник на Р. Македонија бр. 3 од 1998 година, Измена и дополнување 04.12.2000, Измена и дополнување 18.07.2008, Измена 21.08.2009 |
| **8** | Закон за здравјето на растенијата, Службен весник на Р. Македонија бр 29 од 2005 година; Измена и дополнување 07.07.2008; Измена и дополнување 16.02.2009 |
| **9** | Закон за производи за заштита на растенијата, Службен весник на Р. Македонија бр 110 од 2007 година, Измена и дополнување 16.02.2009 |
| **10** | Закон за ѓубриња, Службен весник на Р. Македонија бр.110 од 2007 година; Измена и дополнување 16.02.2009 |
| **11** | Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, Службен весник на Р. Македонија бр. 54 од 2002 година |
| **12** | Законот за заштита на природата, Службен весник на Р. Македонија бр. 67 од 2004 година, Измена и дополнување 03.02.2006, Измена и дополнување 04.07.2007, |
| **13** | Закон за животна Средина, Службен весник на Р. Македонија бр. 53 од 2005 година, Измена и дополнување 27.09.2005, Измена и дополнување 01.03.2007, Измена 22.12.2008, Измена 03.07.2009 |

Нацрт верзија

| | |
|---|---|
| **14** | Закон за идентификација и регистрација на животните, Службен весник на Р. Македонија бр. 69 од 2004 година, Измена и дополнување 28.06.2007 |
| **15** | Закон за сточарство, Службен весник на Р. Македонија бр. 7 од 2008 година |
| **16** | Закон за ветеринарно јавно здравство, Службен весник на Р. Македонија бр. 114 од 2007 година |
| **17** | Закон за заштита и благосостојба на животните, Службен весник на Р. Македонија бр. 113 од 2007 година |
| **18** | Закон за нуспроизводи од животинско потекло, Службен весник на Р. Македонија бр. 113 од 2007 година |
| **19** | Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот овци и кози, Службен весник на Р. Македонија бр. 58 од 2008 година |
| **20** | Закон за шумите, Службен весник на Р. Македонија бр. 64 од 2009 година |
| **21** | Закон за ловството, Службен весник на Р. Македонија бр. 26 од 2009 година Исправка на Законот за ловство, 01.07.2009 |
| **22** | Закон за безбедност на храна и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, Службен весник на Р. Македонија бр. 54 од 2002 година, Измена и дополнување 04.07.2007 |

Со цел за подобрување на пристапноста на кодексот за ДЗП, неговите начела, принципи и препораки за спроведување од страна на земјоделските производители, на начин достапен за примена, кон кодексот ќе следат тематски прирачници за соодветните одбласти опфатени во кодексот.

## ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ[1]

Според Законот за Вршење на Земјоделска Дејност под земјоделска дејност, се подразбира производство, доработка, преработка и пласман на сопствени земјоделски производи.

Под земјоделска дејност се подразбира и одгледување на добиток и други стопанско- корисни животни, како и пласман на нивните производи.

Зависно од културите кои се негуваат, односно животните кои се одгледуваат, земјоделската дејност се остварува во одделни гранки.

Земјоделска дејност може да врши физичко лице чие работење не ја надминува земјоделската дејност од помал обем и е запишано во регистарот на индивидуални земјоделци (во натамошниот текст: индивидуален земјоделец).

Земјоделска дејност можат да вршат физичко лице како трговец-поединец, и правно лице: трговско друштво како акционерско друштво и друштво со ограничена одговорност (во натамошниот текст: трговец), што се запишани во трговскиот регистар.

Земјоделска дејност може да врши и земјоделска задруга што е запишана во соодветен регистар.

Лицата кои се занимаваат со земјоделство не се вршители на земјоделска дејност во смисла , ако земјоделските производи кои ги произведуваат се наменети исклучиво за задоволување на нивните лични потреби и за потребите на членовите со кои живеат.

Лицата кои се во работен однос или се пензионери, а се занимаваат со земјоделска дејност и се сопственици на земјоделско земјиште, или истото го користат како роднини од прв наследен ред, не се вршитетели на земјоделска дејност во смисла на закон и се оданочуваат согласно со прописите од даночната област.

[1]( Закон за вршење на земјоделска дејност Сл.весник на Р Македонија бр. 11/02 од 30.01.2002 година Оддел I. Општи Одредби, Член 2, 4 ,7, 9, 11 и 13)



Нацрт верзија

Земјоделската дејност може да се врши на целата територија на Република Македонија.

За вршење на земјоделска дејност вршителот треба да го исполнува следниот основев услов:

- Дејноста да ја врши на земјоделско земјиште на кое има право на сопственост или го има добиено врз правна основа од сопственикот (концесија, закуп, плодоуживање и друго), или да има капацитети за соодветната земјоделска дејност.

Вршителот на земјоделска дејност мора да има фирма.

**ВРШИТЕЛИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ**[2]

**Индивидуален земјоделец како вршител на земјоделска дејност. Услови и начин за вршење на земјоделска дејност од страна на индивидуалниот земјоделец.**

Индивидуалниот земјоделец може да врши земјоделска дејност ако покрај основниот услов дејноста да ја врши на земјоделско земјиште на кое има право на сопственост или го има добиено врз правна основа од сопственикот (концесија, закуп, плодоуживање и друго), или да има капацитети за соодветната земјоделска дејност ги исполнува и следниве услови:

1. Да е полнолетен;
2. Да има општа здравствена способност;
3. Да не е во работен однос или пензионер;
4. Со правосилна пресуда да не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење дејност;
5. Да ги има намирено пристигнатите даночни обврски и други јавни давачки и
6. Да не е запишан во трговскиот регистар.

За вршење на земјоделска дејност лицата кои се во работен однос или се пензионери, а се занимаваат со земјоделска дејност и се сопственици на земјоделско земјиште, или истото го користат како роднини од прв наследен ред, индивидуалниот земјоделец поднесува барање до подрачната единица на Министерството за упис во регистарот во местото каде се наоѓа земјоделското земјиште на кое се врши дејноста.

**Дополнителна дејност**[3]
Дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство е дејност поврзана со земјоделството, односно шумарството која се врши на земјоделски имот и овозможува подобра искористеност на неговите производни можности и работната сила на членовите на семејството.
Видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на семејните земјоделски стопанства и нивниот обем ги пропишува Владата. При одредување на обемот од ставот 2 на овој член се земаат предвид и специфичните услови и карактеристики на одделни видови на дополнителна дејност.

**Единствен регистар на земјоделски стопанства**[4]

[2] (Закон за вршење на земјоделска дејност Сл.весник на Р Македонија бр. 11/02 од 30.01.2002 година Оддел II. Вршители на Земјоделска Дејност Глава I, Член 18 и 20)
[3] (Закон за земјоделство и руралниот развој, Сл.Весник на Р.Македонија бр. 134 од 06.11.2007 година V. Дополнителна Дејност Член 32)
[4] (Закон за Земјоделство и руралниот развој, Сл.Весник на Р.Македонија бр. 134 од 06.11.2007 година V. Дополнителна Дејност Член 71)

Нацрт верзија

Министерството води единствен регистар на земјоделски стопанства. Во регистарот се запишуваат земјоделски стопанства кои:
1) бараат остварување на правото за користење на средства од мерките согласно со овој закон или други мерки од земјоделската политика и политиката на рурален развој и
2) се запишани во регистрите дефинирани со посебните прописи од областа на земјоделството.
Основа за водење на регистарот од ставот 1 на овој член и негово поврзување со други регистри е единствениот идентификациски број на земјоделското стопанство (во натамошниот текст: ИДБР). ИДБР се одредува при упис на земјоделското стопанство во регистарот од ставот 1 на овој член. Употребата на ИДБР е задолжителна во сите регистри, дефинирани со други прописи, кои се поврзуваат со регистарот од ставот 1 на овој член. Регистарот од ставот 1 на овој член се води во нумеричка и графичка форма и ги содржи особено следниве податоци:

- ИДБР,
- адреса, односно седиште на земјоделското стопанство,
- од членот 70 став 5 на овој закон за носителот на земјоделското стопанство, а во случај на семејно земјоделско стопанство и податоци за неговите членови,
- за дејноста на земјоделското стопанство,
- за фактичка употреба на земјоделско земјиште, пасишта, шуми и шумско земјиште,
- за одгледувалиштето на животните каде што се одгледуваат и
- за бројната состојба на животни кои се одгледуваат.

Носителот на земјоделското стопанство е обврзан секоја промена да ја пријави во Министерството во рок од 15 дена од настанатата промена.
Министерот ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот од ставот 1 на овој член.

**ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ**[5]

Со закон за земјоделското земјиште се уредува користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште.
Целите на овој закон се:
− рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс;
− заштита на земјоделското земјиште и
− обезбедување правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште.

**Според законот за земјоделско земјиште дефинирана е структура на земјоделското земјиште**
1) Земјоделско земјиште во смисла на овој закон се ораници, бавчи, овоштарници, лозја, маслинарници, други долгогодишни насади, ливади, пасишта, бари, трстици, рибници, како и друго земјиште кое се користи или не се користи (необработливо земјиште), а кое со примена на агротехнички и агромелиоративни и хидромелиоративни мерки може да се оспособи за земјоделско производство.
2) Културата на земјоделското земјиште се утврдува според евиденцијата на земјиштето која се води во катастарот, додека не се докаже спротивното.

**Со законот за земјоделско земјиште опфатени се и обврските за заштита на земјоделското земјиште**[6]

Нацрт верзија

---
[5] (Закон за земјоделско земјиште Сл. Весник на Р. Македонија бр.135/07 од 08.11.2007 година Оддел I. Општи Одредби, Член 1,2 и 5)
[6] (Закон за земјоделско земјиште Сл. Весник на Р. Македонија бр.135/07 од 08.11.2007 година Оддел IV. Заштита на земјоделско земјиште, Член 42)

**- Цел на заштитата**
1) Заштитата на земјоделското земјиште од загадување и заразување се спроведува заради производство на здравствено исправна храна, за заштита на здравјето на луѓето, животинскиот и растителниот свет и непреченото користење и заштита на животната средина.
2) Заштитата на земјоделското земјиште од загадување и заразување се спроведува со забрана, ограничување и спречување од директно внесување на штетни материи во почвата, внесување на штетни материи во почвата со водата и преку воздухот и преземање на други мерки за одржување и подобрување на неговата продуктивност.
3) Министерот, во согласност со министерот кој раководи со органот на
државната управа надлежен за вршење на работите од област на животната средина ги пропишува материите кои се штетни за земјоделското земјиште, нивната максимална дозволена концентрација во почвата и мерките кои се преземаат на земјоделското земјиште кое содржи поголеми концентрации на штетни материи од дозволените.

**ШУМАРСТВО**[7]
Шумите како природно богатство се добро од општ интерес за Република Македонија и уживаат посебна заштита.
Планирањето, управувањето, стопанисувањето и чувањето на шумите и шумското земјиште се дејности од јавен интерес.

**Забрани**[8]
За да се оствари одржливото стопанисување со шумите забрането е:
- пустошење и копачење на шуми,
- трајна пренамена на шумско земјиште,
- чиста сеча која не е одобрена како редовна мерка за обновување на шумата во планските документи,
- секоја сеча која не е во согласност со планските документи,
- активности во заштитените подрачја кои не се во согласност со планските документи за заштитените подрачја,
- сеча на ретки и заштитени видови на дрвја,
- подбелување на стебла освен за потребите за обнова и нега на шума,
- напасување, брстење на кози и друга стока и желадење без дозвола,
- собирање на листинец, хумус и други дејствија со кои се ослабува приносната сила или се загрозува опстанокот на шумата и нејзините општокорисни функции,
- самоволно присвојување на шума, уништување или оштетување на ознаки и гранични знаци,
- депонирање на отпад, отровни супстанции и друг вид на материјал во шума,
- други работи кои го намалуваат приносот на шумите и ја загрозуваат нивната функција,
- сеча на семенски стебла и насади и чисти сечи кои не се предвидени со посебниот план, освен при изградба на објекти, согласно со овој закон,
- палење и опожарување на шума,
- бесправна сеча на шума,
- лупење кора од стебла,
- уништување или оштетување на подмладок во шума или на садници во пошумени сечишта,
- спроведување на активности со кои се интензивираат процесите на ерозија и други процеси на

[7] (Закон за шумите Службен весник на РМ, бр. 64 од 22.05.2009 година Оддел I. Општи Одредби, Член 3)
[8] (Закон за шумите Службен весник на РМ, бр. 64 од 22.05.2009 година Оддел I. Општи Одредби, Член 13)



Нацрт верзија

деградација на земјиштето,
- кастрење на стебла за лисничарење спротивно на планските документи,
- намерно отстранување и намалување на популациите на другите шумски производи или нивно уништување на кој било начин и
- смоларење.

Без дозвола на сопственикот, односно корисникот на шуми, забрането е:
- подигнување на привремени објекти, шатори и организирање на кампови,
- организација на масовни собири кои можат да предизвикаат штета на шумите,
- поставување на кошници за пчели,
- собирање на други шумски производи (печурки, плодови, лековити растенија, полжави и друго) во количини поголеми од 1 килограм,
- поставување на информативни табли и ознаки,
- поставување на огради,
- движење на моторни возила надвор од патиштата, освен за службени потреби,
- движење во затворени и забранети подрачја, патишта, опитни површини и деловни објекти и
- движење на површини на кои се изведуваат шумски работи и други деловни активности (пошумување, сеча, изградба на објекти, лов и друго).

**Заштита на загрозени и ретки видови на дрвја**[9]

Забранета е сеча на стебла, уништување на подмладок, собирање на семе од заштитени, загрозени и ретки видови на шумски дрвја во шума настанати по природен пат.

По исклучок, по барање на корисникот или сопственикот на шумата, собирање на семе од заштитени, загрозени и ретки видови на шумски дрвја настанати по природен пат и нивна сеча може да се изврши во случаи кога заштитените, загрозените и ретките видови на шумски дрвја настанати по природен пат се суви или заболени, физиолошки зрели и постојат други причини поради кои им претстои непосредна опасност од сушење, заради изградба на објекти во функција на стопанисување со шумата и објекти од јавен интерес утврдени со закон, по претходно одобрение на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во соработка со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежна за работите од областа на заштита на животната средина и просторното планирање.

**Обврски за санирање на обесшумени површини**[10]

Сопствениците и корисниците на шуми се должни да извршат пошумување на пожаришта, површини на кои не успеале природната обнова и пошумувањето, како и на површини на кои е извршено пустошење -бесправна чиста сеча, копачење на шуми или бесправна сеча на ретки видови дрвја, во рок кој не може да биде подолг од две години, сметано од денот на настанување на обесшумувањето.

Доколку сопствениците и корисниците не се во можност да ги спроведат мерките, овие мерки ќе ги спроведе органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството или правното лице кое тој ќе го овласти на терет на сопственикот и корисникот на шумата.

**Напасување и желадење**[11]

---

[9] (Закон за шумите Службен весник на РМ, бр. 64 од 22.05.2009 година Оддел I. Општи Одредби, Член 19)
[10] (Закон за шумите Службен весник на РМ, бр. 64 од 22.05.2009 година Оддел I. Општи Одредби, Член 22)
[11] (Закон за шумите Службен весник на РМ, бр. 64 од 22.05.2009 година Оддел I. Општи Одредби, Член 52)



Нацрт верзија

Забрането е напасување на добиток и желадење во шума.
По исклучок на определени површини може да се врши напасување на добиток, освен на кози и тоа во шуми во кои не се вршат, односно не се извршени мелиоративни мерки, во кои не е во тек природна или вештачка обнова и подмладување, кои не се издвоени за семенски насади, како и на необраснато шумско земјиште.
Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ги определува условите и површината на шумата во која ќе се врши напасување на добиток и желадење.
Напасување на добиток и желадење во шума може да се врши само под контрола на чувар на добитокот и со одобрение на субјектите кои стопанисуваат со шумите.
Субјектите кои стопанисуваат со шумите и сопствениците на шуми се должни во шумата во која е забрането напасување, да определат делови од шумата низ кои ќе биде дозволен премин на добитокот до местото за пасење, односно до поилата за вода.
Субјектите кои стопанисуваат со шумите имаат право на надоместок за напасување. Условите под кои може да се врши испаша (време на испаша, вид на стока, број на грла, висина на надоместок за напасување, определување на премини за добитокот и слично) ги утврдуваат субјектите кои стопанисуваат со шумите.

**Палење на отворен оган[12]**
Забрането е палење на отворен оган во шума и на земјиште во непосредна близина на шумата, на растојание најмалку од 200 метри од работ на шумата.
По исклучок може да се пали отворен оган под услови и на места што ќе ги определи и обележи субјектот што стопанисува со шумата. Местата на кои е дозволено палење на отворен оган мора да бидат видно обележани и внесени во планот за заштита на шумите од пожар.

**Подигнување на варници и жежници[13]**

Забрането е подигнување на варници, жежници за дрвен јаглен и слични објекти што претставуваат опасност за појава на пожар, на растојание помало од 200 метри од работ на шумата.
По исклучок подигање на жежници за производство на дрвен јаглен може да се врши во шума со одобрение од Дирекцијата за заштита и спасување, а по претходно добиено мислење од органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи.
Местата наменети за подигнување на жежници за производство на дрвен јаглен мора да бидат обележани од страна на субјектот кој ја користи жежницата и истиот мора да ги спроведе сите пропишани мерки на претпазливост пропишани од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување.

**ЛОВСТВО[14]**

Забрането е уништување и присвојување на младенчиња, уништување и расипување на легла, гнезда или јајца од дивеч под заштита утврдено со овој закон.
Забрането е ловење, чување, купопродажба на птици, како и уништување на гнезда, собирање, присвојување и уништување на младенчиња и јајца на птици кои не претставуваат дивеч.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ги определува видовите диви птици кои се корисни.

[12] (Закон за шумите Службен весник на РМ, бр. 64 од 22.05.2009 година Оддел I. Општи Одредби, Член 54)
[13] (Закон за шумите Службен весник на РМ, бр. 64 од 22.05.2009 година Оддел I. Општи Одредби, Член 55)
[14] (Закон за ловството, Службен весник на РМ, бр. 26 од 24.02.2009 година Оддел I. Општи Одредби Член14,19)



Нацрт верзија

**ПАСИШТА**

Се забранува разорување на пасиште и менување на културата,
подигање на едногодишни посеви и повеќегодишни насади, како и подигање на
објекти од цврста градба." [15]

Пасиште, во смисла на закон, е земјоделско земјиште обраснато со трева, чие искористување се врши најрационално со пасење на добиток и косење.
Под пасиште во смисла на закон, се подразбираат и површини обраснати со трева поголеми од 3 ха што се наоѓаат во границите на шума, доколку не се наоѓаат во пребирна шума и во шума или делови од шуми во кои се вршат мелиоративни мерки и обновување.[16]
Со пасиштата во државна сопственост Јавното претпријатие за пасишта стопанисува така што да се сочува нивната површина и да се зголеми нивната вредност, да се обезбеди најголем прираст на трева според природните услови.

Јавното претпријатие за пасишта ги дава пасиштата на користење на правни и физички лица (во натамошниот текст: корисници на пасишта), освен пасиштата што се наоѓаат во непосредна близина на населените места, по пат на јавен оглас во зависност од капацитетот на пасиштата.
При еднакви услови, предност во добивањето на пасиштето на користење има дотогашниот корисник, односно граѓаните кои живеат во тие населени места.
Пасиштата што се наоѓаат во непосредна близина на населените места ќе се користат од одгледувачите на добиток кои живеат во тие населени места, според условите што ги утврдува Јавното претпријатие за пасишта.[17]

**ЗЕМЈОДЕЛСКА И ШУМСКА МЕХАНИЗАЦИЈА И ОПРЕМА**[18]

**Услови за употреба на земјоделска механизација и опрема**
Заради заштита на животот и здравјето на луѓето, корисниците на земјоделска механизација и опрема мора да исполнуваат пропишани услови за безбедна работа и за тоа да се соодветно оспособени.
За рационално искористување на земјоделските површини и производство на квалитетна храна, земјоделската механизација и опремата мораат да ги исполнуваат пропишаните технички услови.
Соодветната оспособеност на корисниците и техничките услови на механизацијата и опремата, се докажува со потврда за извршена проверка на знаењето за безбедна работа и потврда за исполнување на пропишаните технички услови, кои ги издава организација овластена од министерот.
Оспособувањето на корисниците и вршењето на проверката, како и издавањето на потврдите, го вршат лица овластени согласно со закон.
За техничките услови кои треба да ги исполнува одредена земјоделска механизација и опрема, како и за соодветната оспособеност на корисниците поблиску ги пропишува министерот.

Oprema i mašini za aplikacija na proizvodi za zaštita na rastenijata[19]

---

[15] (Закон за изменување и дополнување на Законот за пасишта Службен весник на Р. Македонија бр.89/08 од 18.07.2008 година Оддел I. Член 8-а)
[16] (Закон за пасишта Сл. весник на Р Македонија" бр. 3/98 од 22.01.1998 год Оддел I. Општи Одредби, член 3)
[17] (Закон за пасишта, Сл. весник на Р Македонија" бр. 3/98 од 22.01.1998 год ОдделII. Стопанисување со Пасишта член 4 и 7 )
[18] (Закон за земјоделство и руралниот развој, Сл.Весник на Р.Македонија бр. 134 од 06.11.2007 година ОдделVIII. Земјоделска и Шумска Механизацијаи опрема, Член 49)



Нацрт верзија

Spored Zakonot za proizvodi za zaштita na rastenijata Sl. Vesnik br. 110/2007 Машinite i aparatite za aplikacija na proizvodite za za{tita na rastenijata mo`e da bidat plasirani na pazarot i koristeni dokolku so predvidenata upotreba garantira soodvetna primena na proizvodite, ne se штetni za `ivotnata i rabotnata sredina i luѓeto, obezbedeni so sertifikat ili dozvola od nadle`niot organ

(uvoz na маШini i aparati za aplikacija na proizvodi)

Машinite i aparatite koi ne poseduvaat sertifikat ili dozvola ne mo`e da se uvezat.

*Prakti~na upotreba:*

Машini koi se upotrebuvaat za hemiska zaштita na rastenijata se delat na :

- машini za aplikacija na preparati vo te~nost
- машini za aplikacija na preparati vo prav

Машinite za aplikacija na preparati za rastvor spored konstrukcijata, na~inot i kvalitetot na rabota se delat na:

- prskalki
- turboatomizeri
- zamagluva~i
- avioni

За pravilna i kvalitetna aplikacija kako i pravilna eksploatacija neophodno e машinata za aplikacija da e pravilno prikop~ana na traktorot. Sekoj del od prskalkite, posebno brenerite, agolot na prskawe, kalibracijata na prska~kite, i pravilnata odale~enost od kulturata treba da se postavat pravilno.

Koli~inata na rastvorot (~orbata) za sekoja kultura se odreduva posebno.

Volumenot na isprskaniot rastvor treba da bide izmeren so koristewe na pumpa za 1 minuta.

Нацрт верзија

[19] (Закон за производи и заштита на растенијата Сл. Весник бр.110/2007, Член 42)

Нацрт верзија

# II.ПОЧВА

Со Закон за земјоделското земјиште се уредува користењето, располагањето, заштитата и пренамената на земјоделското земјиште[20].

Целите на овој закон се:
− рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс;
− заштита на земјоделското земјиште и
− обезбедување правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште.

1)Земјоделско земјиште во смисла на закон се ораници, бавчи, овоштарници, лозја, маслинарници, други долгогодишни насади, ливади, пасишта, бари, трстици, рибници, како и друго земјиште кое се користи или не се користи (необработливо земјиште), а кое со примена на агротехнички и агромелиоративни и хидромелиоративни мерки може да се оспособи за земјоделско производство.
2)Културата на земјоделското земјиште се утврдува според евиденцијата на земјиштето која се води во катастарот, додека не се докаже спротивното.
Сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште се должни земјиштето да го користат согласно неговата намена, да ја одржуваат и зголемуваат плодноста и да спречуваат негово загадување или друг вид деградација.

**Зголемување на плодноста[21]**

Плодноста на земјоделското земјиште може да се зголеми со примена на следниве агротехнички, хидромелиоративни и агромелиоративни мерки:
− правилна и навремена обработка;
− ѓубрење, навремена сеидба, односно навремено садење на културите;
− нега на културите;
− борба против плевели, болести и штетници;

[20] (Закон за земјоделско земјиште Сл. Весник на Р. Македонија бр.135/07 од 08.11.2007 година Оддел I. Општи Одредби, Член 1,2, 5 и 9).
[21] (Закон за земјоделско земјиште Сл. Весник на Р. Македонија бр.135/07 од 08.11.2007 година Оддел II. Земјишен Регистар и користење на Земјоделско Земјиште, Член 12)

− навремена жетва, односно вадење на клубени, луковици, столони и задебелени корени;
− одводнување и наводнување;
− калцификација на киселите почви;
− хумификација, гипсирање на алкалните почви, отсолување на солените почви и
− мелиоративно ѓубрење.

**Обврските за заштита на земјоделското земјиште**[22]

- Цел на заштитата

1) Заштитата на земјоделското земјиште од загадување и заразување се спроведува заради производство на здравствено исправна храна, за заштита на здравјето на луѓето, животинскиот и растителниот свет и непреченото користење и заштита на животната средина.
2) Заштитата на земјоделското земјиште од загадување и заразување се спроведува со забрана, ограничување и спречување од директно внесување на штетни материи во почвата, внесување на штетни материи во почвата со водата и преку воздухот и преземање на други мерки за одржување и подобрување на неговата продуктивност.
3) Министерот, во согласност со министерот кој раководи со органот на
државната управа надлежен за вршење на работите од област на животната средина ги пропишува материите кои се штетни за земјоделското земјиште, нивната максимална дозволена концентрација во почвата и мерките кои се преземаат на земјоделското земјиште кое содржи поголеми концентрации на штетни материи од дозволените.

**-Мерки за заштита од ерозија**

1) Заради заштита и спречување на ерозија на земјоделското земјиште се превземаат следниве против ерозивни мерки:
− ограничување или потполна забрана на сечење и ископачување на овошки и шумска вегетација, освен од агротехнички причини или градежни зафати од јавен интерес утврден во согласност со закон;
− одржливо и рационално користење на пасиштата со пропишување на видот и бројот на добитокот што ќе се напасува на единица површина, како и времето и начинот на напасувањето, освен ако поинаку не е уредено со друг закон;
− забрана за разорување на ливадите, пасиштата и необработените површини со наклон над 15% и нивно претворање во ораници;
− забрана за отстранување на хумусниот хоризонт, односно ораничниот слој на земјоделското земјиште;
− задолжително затревување на стрмните земјоделски површини со повеќегодишни фуражни култури,
− забрана на производство на едногодишни култури на терени со наклон над 15%.
2) Сопствениците, односно корисниците на земјоделското земјиште се должни да ги одржуваат долгогодишните насади и повеќегодишните култури подигнати поради заштита од ерозија на почвата.

**-Заштита од пожари**

Корисниците на земјоделското земјиште се должни да спроведуваат мерки за заштита од пожари согласно прописите за заштита од пожари.

**-Заштита од загадување и заразување**

[22] (Закон за земјоделско земјиште Сл. Весник на Р. Македонија бр.135/07 од 08.11.2007 година Оддел IV. Заштита на земјоделско земјиште, Член 42,43, 46 и 47)

Нацрт верзија

За заштита на земјоделското земјиште од загадување и заразување, соодветно се применуваат прописите за заштита и унапредување на животната средина и природата, а во однос на одговорноста и надоместот на штета предизвикана од загаденоста и заразеноста на почвата, водата и воздухот и од пожари се применуваат општите прописи за одговорност и надоместокот на штета.

**Подобрувачи на својствата на почвата**[23]

1) Подобрувачите на својствата на почвата и употребените ѓубриња за подобрување на физичките, хемиските, биолошките и продуктивните својства на почвата, се неоргански или органски материи, од природно илисинтетичко потекло, кои не содржат или имаат ниска содржина на макроелементи и секундарни макроелементи и микроелементи. Подобрувачите на својствата на почвата не се сметаат за ѓубриња.

2) Минералните подобрувачи на својствата на почвата се производи од природно или синтетичко потекло, кои не содржат органски материи (варовник, гипс, доломит, песок, зеолит, бентонитска глина, водено стакло и друго) и не содржат макроелементи и микроелементи или доколку содржат нивната вредност е најмногу до 3%. Минералните подобрувачи не се сметаат за ѓубриња.

3) Органските подобрувачи на својствата на почвата се производи од растително или животинско потекло или органски производи добиени по пат на синтеза, кои поради ниската содржина на примарни хранливи елементи најмногу до 3% не се сметаат за ѓубриња.

Арско ѓубре и компост согласно со прописите кои ја уредуваат оваа материја и добрата земјоделска пракса, се користат за ѓубрење на земјоделските земјишта на начин кој обезбедува снабдување на растенијата со хранливи материи и зачувување на плодноста на почвата. Арското ѓубре и компостот во овој случај не се сметаат за отпадоци. [24]

Правните и физичките лица кои при вршењето на дејноста создаваат нуспроизводи од животинско потекло, се должни на пропишан начин да обезбедат нештетно отстранување или преработка така што да не претставуваат ризик за здравјето на луѓето и животните, водата, воздухот, почвата и растенијата. [25]

Без дозвола за користење на водата, вршителите на трговска дејност, како и другите лица можат да ги црпат или пренасочат водите само заради:

1)Одводнување на земјиштето, како и за заштита на земјиштето од ерозија или од поплави[26]

**Заштита од штетно дејство на водите**[27]

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејства на водите.

Заштитата од штетно дејство на водите се врши под услови, на начин и во постапка определени со Закон.

**Правила и постапки за растително органско производство**[28]

(1) Субјектите кои организираат растително органско производство се должни да ги применуваат следниве правила и постапки:

[23] (Закон за ѓубриња Сл. Весник на Р. Македонија бр.110/07 од 14.09.2007 год Оддел III. Биостимулатори, подобрувачи на почвата, член 14.)

[24] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Арско ѓубре и ѓубрење Член 13).

[25] Закон за нуспроизводи од животинско потекло (Службен весник на РМ број 113 од 2007 година Општи обврски Член 6)

[26] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел II.2 Посебни одредби за користење на водите, Користење на Водите, Член 18).

[27] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел V. Заштита од штетно дејство на водите, Член 122 )

[28] (Предлог Закон за Органско Земјоделско Производство 2009Оддел III.Програма и комисија , Член 12,15и 16 )



Нацрт верзија

- обработка на почвата и начини на одгледување кои ја одржуваат или зголемуваат содржината на органска материја, стабилноста на почвата и нејзината биолошка разновидност и го спречуваат уништувањето на почвата;
- правилно стопанисување во поглед избор на посев, растителни видови и сорти, повеќегодишни плодореди, избор и начини на обработка на почвата и нејзино правилно искористување: чување и зголемување на нејзината плодност и биолошка активност, содржината на органски минерални материи, подобрување на структурата на почвата и мерките за заштита од различни облици на ерозија и уништување;

**Забрана за употреба на ГМО**

ГМО и производи добиени од и со ГМО не смеат да се употребуваат во прехранбените производи, во добиточната храна, помошните средства за преработка, производите за заштита на растенијата, ѓубривата, средствата за подобрување на состојбата на почвата, семињата, вегетативниот материјал за размножување, микроорганизми и животни во органското земјоделско производство.

**Производи и супстанции кои може да се употребуваат во органското производство**

Во органското растително производство може да се употребуваат производи и супстанции, за следниве цели:
- заштита на растенијата;
- подобрување на својствата и плодноста на почвата;
- чистење и дезинфекција на просториите и инсталациите за растително производство, вклучувајќи складирање на земјоделските стопанства.

**ЃУБРИЊА [29]**

1) Со Законот за Ѓубриња се уредуваат условите за производство, пласирање на пазар, увоз, употребата на ѓубриња, видови на ѓубриња, идентификација, квалитет, состав, земање примероци, пакување, обележување, испитување, декларирање, следење, регистрирање и други прашања во врска со ѓубрињата.
2) Покрај условите утврдени со овој закон, за пласирање на пазар и употреба на ѓубриња, ако содржат опасни супстанции, се применуваат и прописите со кои се уредуваат хемикалиите.
3) Ако ѓубрињата содржат и средства за заштита на растенијата за нивното производство, пласирање на пазар,увоз и употреба се применуваат прописите кои ја регулираат областа на производите за заштита на растенијата.

**Начин на пласирање на пазар на ѓубре[30]**

1) Ѓубре може да се пласира на пазар на територијата на Република Македонија, ако: обезбедува ефикасна хранлива вредност;
- соодветно е обезбедено земање на примероци, испитувања по соодветно признати и одредени стандардни методи за испитување и
- во услови на практична примена не влијае неповолно на здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина.
2) Производителот е одговорен за пласирањето на пазар на ѓубрето во согласност со Законот за Ѓубриња и прописите донесени врз основа на овој закон.
Неоргански ѓубриња

[29] (Закон за ѓубриња, Сл. Весник на Р. М. бр.110/07 од 14.09.2007 Оддел I. Општи Одредби, член1)
[30] (Закон за ѓубриња, Сл. Весник на Р. М.бр.110/07 од 14.09.2007 Оддел II. Ѓубриња член 3,5,7,10,12 )

1) Неорганските (минерални) ѓубрија се произведи во кои Хранливите елементи, кои со ѓубрење се внесуваат во почвата, се во форма на неоргански соли се добиваат со различни технолошки постапки (со екстракција со физички или хемиски индустриски постапки).
2) Како неоргански ѓубрија можат да бидат декларирани: калциум цијанамид, уреа, нивните кондензати и врзаните производи на ѓубријата кои содржат хелатни или комплексни форми на микроелементи.
3) Неорганските ѓубрија можат да бидат:
- единечни (еднокомпонентни) неоргански ѓубрија кои содржат само еден примарен макрохранлив елемент (азотни, фосфорни и калиумови ѓубрија) и
- сложени (повеќекомпонентни) неоргански ѓубрија, кои содржат најмалку два макроелементи, а се добиваат со хемиска реакција, со мешање или со комбинација од двете постапки.
4) Сложените неоргански ѓубрија можат да бидат:
- комплексни неоргански ѓубрија добиени со хемиска реакција на соодветните компоненти во течна или во цврста состојба по пат на гранулирање, при што секоја гранула ги содржи сите хранливи елементи во декларираниот состав и
- мешани неоргански ѓубрија добиени со суво мешање на неколку единечни ѓубрија без хемиска реакција, со или без дополнувачи.
5) Во зависност од агрегатната состојба, неорганските ѓубрија можат да бидат цврсти или течни.
6) Течно неорганско ѓубре е ѓубре во форма на раствор или суспензија.
7) Неорганско ѓубре во форма на раствор е раствор кој не содржи цврсти честици.
8) Неорганско ѓубре во форма на суспензија е ѓубре од две фази, во кои цврстата фаза се одржува во суспензија во течна фаза.
9) Фолијарно неорганско ѓубре е ѓубре наменето за фолијарна употреба и во кои хранливите елементи се во форма што е погодна за исхрана на растението преку надземните органи.
Амониум нитратни ѓубрија со висока содржина на азот, мерки за безбедност, контрола и испитувања на отпорноста на детонација
- Амониум нитратните форми на ѓубрија со висока содржина на азот, единачни и сложени, се производи базирани на амониум нитрат и произведени за употреба како ѓубрија кои не содржат повеќе од 28% азот во нитратна форма.
- Амониум нитратните форми на ѓубрија можат да содржат неоргански или не реактивни супстанции.
- Супстанциите кои се користат за производство на Амониум нитратните форми на ѓубрија не треба да ја зголемат отпорноста на ѓубријата на топлина или детонација.
- Органски ѓубрија
1) Органски ѓубрија се произведи со најмалку 30% органски материи од растително или животинско потекло (шталско, осока, компост, тресет и друго), кои се внесуваат во почвата за подобрување на својствата на почвата и исхрана на растенијата кои покрај органски материи содржат и најмалку 1% азот, 1%фосфорен-(У) оксид и 1% калиум-оксид.
2) Органско-минерални ѓубрија се произведи со најмалку 10% органски
материи и најмалку: 1% азот, 1% фосфорен-(У) оксид и 1% калиум-оксид.
Микробиолошки ѓубрија
1) Микробиолошки ѓубрија се произведи кои содржат високи титри на одредени корисни одбрани соеви на микроорганизми, а се користат за трансформација на органските хранливи елементи во минерални форми корисни за растенијата.

## БИОСТИМУЛАТОРИ, ПОДОБРУВАЧИ НА ПОЧВАТА[31]

1) Биостимулаторите се физиолошки активни органски материи со ниска содржина на хранливи

[31] (Закон за ѓубрињаСл. Весник на Р. Македонија бр.110/07 од 14.09.2007 год Оддел III. Биостимулатори, подобрувачи на почвата, член 14)

елементи, од природно или синтетичко потекло (хормони, витамини, аминокиселини, хумусни киселини и слично) кои во соодветни услови имаат стимулативно дејство на поединечни физиолошко-биохемиски процеси во поединечни фази од развојот на растението.

**Подобрувачи на својствата на почвата**

1) Подобрувачите на својствата на почвата и употребените ѓубриња за подобрување на физичките, хемиските, биолошките и продуктивните својства на почвата, се неоргански или органски материи, од природно илисинтетичко потекло, кои не содржат или имаат ниска содржина на макроелементи и секундарни макроелементи и микроелементи. Подобрувачите на својствата на почвата не се сметаат за ѓубриња.

2) Минералните подобрувачи на својствата на почвата се произведи од природно или синтетичко потекло, кои не содржат органски материи (варовник, гипс, доломит, песок, зеолит, бентонитска глина, водено стакло и друго) и не содржат макроелементи и микроелементи или доколку содржат нивната вредност е најмногу до 3%. Минералните подобрувачи не се сметаат за ѓубриња.

3) Органските подобрувачи на својствата на почвата се производи од растително или животинско потекло или органски производи добиени по пат на синтеза, кои поради ниската содржина на примарни хранливи елементи најмногу до 3% не се сметаат за ѓубриња.

**УПОТРЕБА НА ЃУБРИЊА[32]**

1) Ѓубрињата се употребуваат во согласност со правилата за добра земјоделска пракса, што опфаќа употреба на ѓубриња од одреден вид во количества и во согласност со потребите на растенијата и почвата, земајќи ги предвид хранливите неоргански и органските материи во почвата и климатските услови во подрачјето.

2) Правилата за добра земјоделска пракса од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Државниот инспектор за земјоделство може да зема примероци од ѓубриња и од крајниот корисник по негово барање и при вршење контрола на производство, пласирање на пазар и при увоз на царински терминал.

***ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО***

**ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО[33]**

Цели на органското земјоделско производство се:

(а) основање на одржлив систем на управување за земјоделството кој:

- ги почитува системите и циклусите на природата и ги одржува и јакне здравјето на почвата, водата, растенијата и животните и рамнотежата помеѓу нив;
- придонесува за високо ниво на биолошка разновидност;
- одговорно ги употребува енергијата и природните ресурси како што се: водата, почвата, органските материи и воздухот;
- ги почитува високите стандарди за благосостојбата на животните, а особено ги исполнува специфичните потреби за однесување на поединиdи животински видови;

(б) производство на производи од висок квалитет;

[32] (Закон за ѓубриња, Сл. Весник на Р. Македонија бр.110/07 од 14.09.2007 год Оддел IX.Употреба ва Ѓубрињата, член 36 и 37)

[33] (Предлог Закон за органско земјоделско производство 2009Оддел II. Цели и начела за органско Земјоделско Производство, Член 4,5,6 )

(в) производство на широк асортиман на храна и други земјоделски производи кои одговараат на барањата на потрошувачите. Овие процесите не смеат да штетат на животната средина, човековото здравје, здравјето на растенијата или здравјето на животните и нивната благосостојбата.
Органското земјоделско производство се заснова на следниве начела:
(а) соодветно концепирање и управување со биолошките процеси засновани врз еколошките системи со употреба на природните ресурси кои се внатрешен дел на системот преку методи кои:
- употребуваат живи организми и методи на механичко производство;
- практикуваат одгледување на култури во почва и сточарско производство или практикуваат аквакултура која ги почитуваат начелата за одржливо искористување на рибарството;
- ја исклучуваат употребата на ГМО производи од или со ГМО со исклучок на производите за ветеринарна медицинска пракса;
- се засновани врз оценка на ризикот и употреба на претпазливи и превентивни мерки;
(б) ограничувањата на употребата на надворешни влезни материи. Кога се потребни надворешни влезни материи или кога не постојат соодветни практики и методи на управување посочени во ставот (а), тие се ограничени на:
- влезни материи од органско производство;
- природни и природно добиени супстанции;
- минерални ѓубрива со ниска растворливост;
(в) строги ограничувања на употребата на хемиски синтетизирани материи во исклучителни случаи, а тие се:
- кога не постојат соодветни практики на управување;
- кога надворешните влезни материи од ставот (б) не се достапни на пазарот;
- кога употребата на надворешни влезни материи од ставот (б) допринесува до неприфатливо влијание врз животната средина;
(г) прилагодување, онаму каде е потребно и во рамки на овој закон на правилата на органското производство земајќи го предвид санитарниот статус, регионалните разлики во климата и локалните услови, фазите на развој и конкретните практики на одгледување.

**Посебни начела кои се применуваат во органското земјоделско производство**

Органското земјоделско производство се заснова на следниве начела:
(а) одржување и јакнење на почвениот живот и природната плодност на земјата, содржина на органски материи и стабилност на почвата, како и подобрување на структурата на почвата со превземање на постапки на нејзина заштита од разни облици на запуштање и ерозија и прехрана на растенијата најмногу преку почвениот екосистем;
(б) намалена употребата на необновливи ресурси и влезни материи кои не потекнуваат од производниот субјект;
(в) преработка, минимизација, повторна преработка на отпадот од производството и споредните производи од животинско и растително потекло кои придонесуваат за унапредување на животната средина;
(г) земање предвид на локалната или регионалната еколошка рамнотежа во одлуките поврзани со производството;
(д) одржување на здравјето на животните со поттикнување на природната имунолошка одбрана кај животните, како и преку избор на соодветни раси и практики за одгледување;
(ѓ) одржување на здравјето на растенијата преку превентивни мерки, како избор на соодветни видови и сорти отпорни на штетници и болести, соодветен плодоред, механички и физички методи и заштита на природните непријатели на штетниците;

Нацрт верзија

(е) практики на сточарско производство прилагодени кон локацијата и поврзани со релјефот и местоположбата;
(ж) обезбедување на високо ниво на добросостојба на животните почитувајќи ги конкретните потреби на видовите;
(з) производство на органски сточарски производи од животни што биле одгледани на органски фарми во текот на нивниот целокупен животен век;
(ѕ) избор на раси при кој треба да се има предвид способноста на животните за прилагодување кон локалните услови, нивната виталност и отпорност кон болести или здравствени проблеми;
(и) исхрана на добитокот со органска добиточна храна составена од земјоделски состојки од органско потекло и од природни неземјоделски материи;
(ј) примена на сточарски практики кои го подобруваат и зајакнуваат имунолошкиот систем во одгледувањето на добитокот преку слободен пристап на отворен простор и пасишта;
(к) неодгледување на вештачки индуцирани полиплоидни животни;
(л)одржување на биолошката рановидност на природните водни живеалишта, континуирано оддржување на здрава и чиста водна средина како и постојаното здравје на водната средина и квалитетот на околните водни и почвени системи при аквакултурно производство;
(љ) исхрана на водните организми е со органска храна составена од состојки од органско потекло и од природни неземјоделски материи.

**Правила и постапки за растително органско производство**

(1) Субјектите кои организираат растително органско производство се должни да ги применуваат следниве правила и постапки:
- обработка на почвата и начини на одгледување кои ја одржуваат или зголемуваат содржината на органска материја, стабилноста на почвата и нејзината биолошка разновидност и го спречуваат уништувањето на почвата;
- правилно стопанисување во поглед избор на посев, растителни видови и сорти, повеќегодишни плодореди, избор и начини на обработка на почвата и нејзино правилно искористување: чување и зголемување на нејзината плодност и биолошка активност, содржината на органски минерални материи, подобрување на структурата на почвата и мерките за заштита од различни облици на ерозија и уништување;
- употреба на биодинамички препарати;
- исклучување на употреба на минерални азотни ѓубрива;
- користење техники за растително производство кои го спречуваат или го намалуваат загадувањето на животната средина;
- превенција на штети предизвикани од штетниците, болести и плевелите со примена на следните мерки: избор на соодветни видови и сорти, соодветен плодоред, соодветна обработка на почва, заштита на корисни билки и животни и создавање поволни услови за заштита на природни непријатели на штетниците, уништување на плевелите со термички и механички начин;
- употреба на производите за заштита на растенијата во случај на опасност за културите доколку се одобрени за употреба во органското производство.

**Производи и супстанции кои може да се употребуваат во органското производство[34]**

[34] (Предлог Закон за органско земјоделско производство 2009 Оддел III.Програма и комисија , Член 12,13,15,16,29,30,36,37 )

(1) Во органското растително производство може да се употребуваат производи и супстанции, за следниве цели:
- заштита на растенијата;
- подобрување на својствата и плодноста на почвата;
- чистење и дезинфекција на просториите и инсталациите за растително производство, вклучувајќи складирање на земјоделските стопанства.
(2) Производите и супстанциите од овој член може да се употребуваат само доколку се наоѓаат на Листа на ѓубрива и средства за подобрување на својствата на почвата, Листа на средства за заштита на растенијата, Листа на состојки кои не биле произведени според принципите на органското земјоделство и Листа на средства за чистење и дезинфекција.
(3) Министерот објавува: Листа на ѓубрива и средства за подобрување на својствата на почвата, Листа на средства за заштита на растенијата, Листа на состојки кои не биле произведени според принципите на органското земјоделство и Листа на средства за чистење и дезинфекција кои може да се употребуваат на теририријата на Република Македонија.
(4) Постапката за одобрување за употреба и регистрирање на ѓубривата и средствата за подобрување на својствата на почвата, како и на средства за заштита на растенијата ја спроведува Фитосанитарната управа согласно Законот за ѓубрива и Закон за производи за заштита на растенија.

**Пчеларство**
**Местоположба на пчеларникот**
(1) Пчеларникот треба да ги исполнува следните технички барања во однос на местоположбата:
- се осигуруваат доволно извори на нектар, роса и полен за пчелите, и пристап до вода;
- во радиус од 3 км од пчеларникот изворите на нектарот и поленот да се состојат од органски произведени растенија или од природна вегетација која не е третирана со хемиски средства, или пак растенија одгледани на начин кој има мало влијание врз животната средина што не може позначително да го променат одредувањето на пчеларското производство како органско;
- постои доволна оддалеченост од било кое место, можен извор на загадување на околината, како што се на пр.: градски центар, индустриска зона, автопат, депонии, места за спалување на ѓубришта и сл.
(2) Техничките барањата не се однесуваат на времето кога пчелните заедници мируваат или кога нема цутење.

**Употреба на материјали во пчеларството и собирање на медот**

(1) Кошницата и материјалите кои се употребуваат во пчеларството треба да биде направена од природен материјал, без можен ризик од загадување на околината или пчелниот производ.
(2) Собирање на медот и другите пчелни производи не треба да се врши со уништување на пчелите во саќето.

**3. Производство на фарма, преоден преод и евиденции**
**Правила за производство на фарма**
(1) Доколку субјектот истовремено организира редовно и органско земјоделско производство, треба да обезбеди:
- физичко разграничување помеѓу производните делови во кои е организирано органско земјоделско производство и деловите во кои е организирано редовно производство;



Нацрт верзија

- вршење стручна контрола на деловите во кои е организирано органско земјоделско производство;
- во деловите во кои е организирано редовно производство да не користи генетски модифицирани организми (GMO);
- во деловите во кои е организирано редовно производство да не произведува ист вид на растение, или вид којшто не може лесно да се разликува од органски произведуваното растение;
- водење на одвоена евиденција за двата вида производство;
- во сточарското производство субјектот има право да одгледува различни видови добиток;
- во аквакултурно производство субјектот има право да органзира производство од исти видови, при што треба да се изврши јасно одделување помеѓу местата каде се организира тоа производство;
- во растителното производство може да произведува ист вид на растение, или вид кое може јасно да се разликува од органски произведуваното растение на делот со редовно производство;

(2) Онаму каде, согласно став (1) од овој член, сите производни површини не се користат за органско земјоделско производство, субјектот должен е животните, работните машини како и останатите средства кои влегуваат во процесот на органско земјоделско производство да ги чува одделно од оние кои се вклучени во редовното производство.

**Правила за премин од редовно во органско земјоделско производство-(преод)**

(1) Почетокот на преодниот период се смета од датумот на извршување на првата стручна контрола од страна на контролно/сертификациското тело.

(2) При одгледување на растенија и производство на растителни производи преодниот период изнесува:

- не пократко од две години кај поледелските култури,
- не пократко од 6 месеци за природните пасишта и ливади, ако земјоделското земјиште не било третирано со недозволени средства најмалку една година;
- не пократко од три години за насадите во лозарството и овоштарството;

(3) При премин на органско производство во сточарството, претходно земјоделските површини кои се користат за производство на храна за животни треба да ги задоволат техничките барања за органско производство, како што е пропишано во делот за органско растително производство.

(4) Ако сточарскиот производ се става на пазар како органски, животните треба да се чуваат согласно одредбите на овој закон најмалку:

- 12 месеци за говеда и коњи, ако се одгледуваат за производство на месо или во сите случаи ¾ од нивниот дотогашен живот;
- 6 месеци за мали преживари и свињи;
- 10 недели за живина за производство на месо, набавена на возраст до три дена;
- 6 недели за живина за производство на јајца.ж

(5) Органското производство во пчеларството се воспоставува година дена после преодниот период. Во текот на истиот, потребно е во кошниците да се изврши замена на пчелниот восок. Новиот восок треба да потекнува од органско пчеларско производство, освен ако контролното тело даде согласност дека не е можна набавка на восок со такво потекло под услов истиот да потекнува од медените капачиња.

(6) Преодниот период во производните единици во аквакултурното производство трае 2 години, во кој период треба да се почитуваат техничките барања за органско производство.

(7) Во текот на преодниот период, се применуваат сите правила за производство утврдени со Закон за Органско Земјоделско Производство.



Нацрт верзија

**Стручна контрола во органското земјоделско производство**[35]

(1) Стручната контрола во органското земјоделско производство ја врши овластено домашно или странско правно лице кое има основано подружница на територијата на Република Македонија, (во понатамошниот текст контролно/сертификациско тело) и кое ги исполнува условите за вршење на таа функција

(2) Начинот и постапката за вршење на стручна контрола во органското производство поблиску ги пропишува министерот.

(3) Министерството ќе го овласти контролното/сертификациското тело и ќе склучи договор со кој ќе се регулираат правата и обврските на секоја од договорните страни.

# III. ВОДА

Со Закон за Водите се уредуваат прашањата коишто се однесуваат на површинските води, вклучувајќи ги и постојаните водотеци или водотеците во коишто повремено тече вода, езерата, акумулациите и изворите, подземните води (во натамошниот текст: води), крајбрежното земјиште и водните живеалишта и нивното управување вклучувајќи ги и распределбата на водите, заштитата и зачувувањето на водите, како и заштитата од штетното дејство на водите; водостопанските објекти и услуги; организационата поставеност и финансирањето на управувањето со водите, како и условите, начинот и постапките под кои можат да се користат или испуштаат водите. [36]

**Обврски при користење на водите**

Секој може да ја користи водата во обем, под услови и на начин определени со закон, како и во согласност со актите донесени врз основа на овој закон.

Водата се користи рационално и економично, на урамнотежен и праведен начин во согласност со начелата за одржливо управување со водата при што треба да се води сметка за одржување и подобрување на режимот на водите.

Секој корисник на површинските или подземните води е должен при испуштањето на искористените води да не предизвика штетни дејства врз водите и врз другите медиуми и области на животната средина.

[35] (Предлог Закон за органско земјоделско производство 2009 Оддел VII.Контрола , Член 48 )

[36] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел I. Општи Одредби, Член 1)

Нацрт верзија

**Приоритети за користење на водите**

Доколку има повеќе барања за користење на водите од едно исто водно тело за коештоне е издадена дозвола за користење на вода, дозволата за користење вода се издава согласно со следниов приоритет за:

1) водоснабдување на населението преку јавен водоснабдителен систем, за здравствените установи и за правните лица од областа на ветеринарството, за потребите на одбраната, за индустријата за производство и за преработка на храна и за напојување на добитокот;
2) наводнување на земјоделското земјиште;
3) водоснабдување на индустријата и за стопански потреби;
4) хидроенергетските и за другите погонски потреби;
5) потребите на парковите и на другите јавни површини;
6) полнење на водата во шишиња за комерцијални потреби и
7) други потреби.[37]

**Времено црпење на води заради одводнување на земјиште[38]**

Без дозвола за користење на водата, вршителите на трговска дејност, како и другите лица можат да ги црпат или пренасочат водите само заради:

1)одводнување на земјиштето, како и за заштита на земјиштето од ерозија или од поплави.

**Дејности и активности за кои е потребна дозвола**

Дозволата за правното или физичкото лице кое се стекнува со водно право врз основа на дозвола за користење на водата на овој закон е потребна заради извршување на активности, коишто влијаат или можат да влијаат врз режимот на водите и/или врз морфологијата на водното тело, особено во случаите на:

1)зафаќање, црпење, пренасочување, акумулирање и користење на водата од површинското водно тело заради:

- снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот,
- наводнување на земјоделско земјиште,
- одгледување риби, водни птици итн.,
- риболов,
- одводнување на земјиштето,
- миење и сепарирање на песок, чакал и камен.

2) црпење, пренасочување, акумулирање или користење на водата од подземното водно тело заради:

- снабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот,

**Користење на вода од бунари**

(1) Без дозволата, граѓанинот кој е сопственик или носител на друго стварно право врз земјиштето може да копа обичен бунар за снабдување со вода за пиење, за поење на добиток и за други лични потреби.

(2) Обичен бунар може да се копа на растојание од најмалку 5 метра од градежниот објект и од градежната парцела на соседот, а котата на дното на бунарот не смее да биде пониска од котата на дното на соседниот бунар.

[37] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел II.1 Општи одредби за користење на водите, Користење на Водите, Член 14 и 15)

[38] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел II.2 Посебни одредби за користење на водите, Користење на Водите, Член 18).

Нацрт верзија

(3)Без дозволата не може да се копа бунар за наводнување на земјиште опфатено со хидросистем или систем за наводнување.[39]

**Основни мерки и дополнителни мерки**

Основни мерки за спроведување на Програмата на мерки, се сите мерки кои согласно со закон се определени како посебни инструменти, како и други постојни или идни мерки насочени кон остварувањето на целите утврдени со плановите за управување со речните сливови, а особено мерките:

1)за постигнување на целите на животната средина и мерките за спречување на влошувањето на состојбата на водите пропишани со овој закон;
2) за заштита, подобрување и враќање во поранешна состојба на сите водни тела, мерки против загадување на водите со одделни или група загадувачи кои претставуваат значителен ризик за водната средина, ризикот врз водите за пиење и водите за капење, вклучувајќи ги и дозволите, контролите и системите за евиденцијата и мерките за точкасти и дифузни извори на загадување;
3) и забраните поврзани со заштитата на подземните води, вклучувајќи ги и условите за нивна примена;
4) за намалување на испуштањата на опасните материи и супстанции во водите;
5)пропишани со прописите за заштита на животната средина и за заштита на природата;
6) пропишани со прописите за рибарство;
7)за заштита на животната средина особено почвата при користење на тињата добиена со прочистување на отпадните води за потребите на земјоделството;
8) пропишани со прописите за производи за заштита на растенијата;
9) за одржување на квантитативната состојба на водите.[40]

***<u>ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ</u>***

**Општа забрана**

Секое дејствие или активност со кое што се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие со коешто се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането.

**Цели на животната средина за површински води**

Со површинските води се управува на начин кој обезбедува:
1)избегнување на влошувањето на состојбата на водите и влијанијата кои предизвикуваат влошување на состојбата на водните екосистеми и на хемиската состојба на водите;
2) санирање или ублажување на последиците од какво било загадување на водите, крајбрежните земјишта и водните живеалишта;

[39] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел II.3 водно право, Користење на Водите, Член 28 и 29)
[40] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел III Планирање, Член 62и 74)
[41] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел IV Заштита на водите, Член 77, 90 и 92)

Нацрт верзија

**Цели на животната средина за подземни води**

Со подземните води се управува на начин на кој се:

1) избегнува влошување на нивната квантитативна и хемиска состојба;

2) намалува значителниот и долготраен растечки тренд на концентрација на загадувачката материја во водите којашто е резултат на активностите на човекот;

3) обезбедува рамнотежа меѓу црпењето и повторното полнење на подземните води [41]

**Заштита од штетно дејство на водите**

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и Одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејства на водите.

Заштитата од штетно дејство на водите се врши под услови, на начин и во постапка определени со закон.

**Водостопански објекти и услуги**

**Дејности и услуги од јавен интерес**

Водостопански дејности и услуги од јавен интерес, во смисла на Законот за Води се изградбата, експлоатацијата и одржувањето на водостопанските објекти и постројки кои обезбедуваат водостопански услуги за:

1) јавното водоснабдување со вода наменета за консумирање од страна на човекот и за технолошки потреби;

2) наводнување и одводнување на земјиштето;

3) заштита и зачувување на водите и водните екосистеми;

4) заштита од штетно дејство на водите;

5) експлоатација на подземните води;

**Одредби за земјиштето**

Земјиштето под води и крајбрежното земјиште во сопственост на Република Македонија кое што се користи или зафаќа за потребите на водостопанските објекти, се определува во дозволата во согласност со закон. Сопственикот или носителот на други стварни права врз соседното земјиште на земјиштето е должен да дозволи пристап до водостопанските објекти и користење на земјиштето за сите активности за потребите на изградбата, управувањето и одржувањето на водостопанските објекти.

По исклучок, доколку земјиштето коешто се користи или зафаќа за потребите на водостопанските објекти е во сопственост на правно или физичко лице, а е од посебен интерес за изградбата, управувањето и одржувањето на водостопанските објекти, земјиштето може да се експроприра во согласност со закон.

**Наводнување и одводнување**

**Водостопанства**

Зафаќањето и користењето на површинските и подземните води за потребите на наводнувањето како и одводнувањето на земјиштето се врши со хидросистеми, или системи за наводнување и

Нацрт верзија

одводнување.
Заради користење, експлоатирање и одржување на хидросистемите или системи за наводнување и одводнување се основаат водостопанства согласно со закон.

**Забрана за наводнување и напојување на добиток**
Заради заштита на здравјето на луѓето и добитокот, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството, го забранува користењето или употребата на водите за наводнување и напојување на добиток, во случај да се влоши квалитетот на водата до мера која ја прави водата неупотреблива за таа намена.

**Определување на заштитните зони[42]**
(1) Владата на Република Македонија ги определува:
1) заштитните зони за водни тела наменети за консумирање од страна на човекот, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;
2) заштитните зони за водни тела означени како води за рекреација, вклучувајќи ги и водите за капење, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на на животната средина;
3) заштитните зони кои се чувствителни на нитрати, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството;
4) водните тела кои се чувствителни на испуштањето на урбани отпадни води како заштитни зони, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството;
5) областите определени како заштитено природно наследство каде што одржувањето и подобрувањето на состојбата на водите е значаен фактор, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и
6) зоните наменети за заштита на растителни и животински видови кои живеат или се зависни од вода а се економски значајни, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на шумарството.
(2) Општините, општините во градот Скопје и градот Скопје можат да укажат на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, за потребата од определување на заштитна зона, во смисла на ставот (1 ) од овој член. Одлуката за потребата од определување на заштитна зона, во смисла на ставот (1) од овој член ја донесуваат советот на

[42] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел IV Заштита на водите, Член 96)

Нацрт верзија

општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.
(3) Заштитните зони се обележуваат на самото место со помош на предупредувачки знаци и информативни табли. Обележување на заштитните зони го обезбедува органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(4) Владата на Република Македонија,на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, утврдува мерки потребни за заштита на заштитните зони од ставот (1) на овој член обезбедувајќи постигнување на целите на животната средина.
(5) Заштитните зони и водните тела во рамките на секој речен слив што бараат посебна заштита, определени согласно со ставот (1) од овој член се запишуваат и постојано се
Ажурираат во регистар на заштитни зони кој што го води органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.
(6) Податоците и картографскиот приказ на заштитните зони од ставот (1) на овој член и податоците од регистарот на заштитените зони, се составен дел на Планот за управување со соодветниот речен слив.
(7) Владата на Република Македонија, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги утврдува условите и начинот за воспоставување на заштитните зони и за картографскиот приказ на заштитните зони од овој член.
(8) Формата и содржината на регистарот од ставот (5) на овој член ги пропишува:
1) министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, за зоните од ставот (1) точки 1, 2 и 4 на овој член;
2) министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, за зоните од ставот (1) точка 3 на овој член;
3) министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина за зоните од ставот (1) точка 5 на овој член и
4) министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на шумарството за зоните од ставот (1) точка 6 на овој член.
(9) При определувањето на зоните од ставот (1) точка 6 на овој член се применуваат мерките и условите утврдени согласно со овој закон, како и мерките и условите утврдени
со прописите од областа на заштитата на природата.

**Зони чувствителни на нитрати**[43]
(1) Заради обезбедување заштита на водите од загадување настанато од земјоделски активности, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа

[43] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел IV Заштита на водите, Член 102)

Нацрт верзија

надлежен за вршење на работите од областа на животната средина донесува добра земјоделска пракса што ќе треба да се реализира на доброволна основа заради:
1) давање практични упатства на земјоделците и другите лица вклучени во земјоделството, во врска со активности што може да влијаат врз површинските и подземните водни тела и
2) промоција на соодветни практики за намалување на загадувањето на водите.
(2) Заради спречување или контрола на влез на нитрати во водите како резултат на земјоделски активности, министерот кој раководи со органот на државната управа Надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството поблиску ги пропишува критериумите за определување на зоните чувствителни на нитрати определени согласно со членот 96 став (1) точка 3 од овој закон во коишто особено влегуваат површините каде што постојат:
- површински водни тела, особено оние што се користат или се наменети за зафаќање вода за пиење и се класифицирани во согласност со членот 94 од овој закон,
- подземни водни тела што содржат повеќе од 50 mg/l нитрати или за кои постои можност да содржат повеќе од 50 mg/l нитрати во иднина доколку не се преземат заштитни мерки и
- површински води што се сметаат за еутрофични или што може да станат еутрофични во иднина доколку не се преземат заштитни мерки.
(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на
работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството, на секои четири години, донесува оперативен план за заштита на водите од загадување предизвикана од нитрати од земјоделски извори и ги утврдува барањата, забраните или ограничувањата во врска со употребата на земјиштето и вршењето на земјоделските активности во означените зони, заради имплементација на мерките.
(4) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството ги пропишува содржината, мерките и барањата за примена на добрата земјоделска пракса од ставот (1) на овој член, како и содржината, задолжителните и другите мерки на оперативниот план од ставот (3) на овој член.
(5) Во оперативната програма од ставот (3) на овој член особено ќе се имаат предвид постојните научно-технички податоци, особено поврзани со соодветните азотни удели кои потекнуваат од земјоделски и од други извори, како и на условите во релевантните подрачја во кои се наоѓаат зоните чувствителни на нитрати.
(6) Доколку се утврди дека преземените мерки за спроведување на оперативниот план од ставот (3) на овој член несе доволни за намалување на загадувањето на водата предизвикано од нитрати од земјоделски извори и спречување на натамошното загадување, во оперативниот план да бидат утврдени такви мерки или засилени дејствија кои ќе се сметаат за неопходни за постигнување на целите на оперативниот план. При утврдувањето на мерките или дејствијата ќе се води сметка за нивната ефективност и за трошокот во однос на другите превентивни мерки.
(7) Министерот кој раководи со органот на државаната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството донесува програма за реализација на оперативниот план од ставот (3) на овој член.

Нацрт верзија

**Заштита на крајбрежните земјишта**[44]

(1) Изградбата на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи и супстанции и цврст или течен отпад се забранува во крајбрежните земјишта, освен ако со овој закон поинаку не е определено.

(2) Употребата на вештачки ѓубриња, средства за заштита на растенијата и на биоцидални производи се забранува на растојание од 10 метра од брегот на површинските води.

**Користење на тињата од прочистувањето на урбани отпадните води**[45]

(1) Тињата што се добива од прочистувањето на урбаните отпадни води повторно се користи доколку тоа е соодветно, водејќи притоа сметка за намалување до најниска можна мера на негативните влијанија врз животната средина и по претходно прибавена дозвола од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството, ги пропишува: начинот и постапката за користење на тињата, максималните вредности наконцентрациите на тешки метали во почвата во која се користи тињата, вредности на концентрациите на тешки метали во тињата, согласно со неговата намена и максималните годишни количини на тешки метали што можат да се внесат во почвата.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина ги пропишува формата, содржината и начинот за доставување на податоците и видот на информации за користење на тињата од третманот на урбаните отпадни води согласно со нејзината намена, третман, состав и место на нејзиното користење.

(4) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областана животната средина врз основа на добиените податоци од ставот (3) на овој член, води евиденција за степенот на користење на тињата од третманот на урбаните отпадни води согласно со нејзината намена, како и количината на продукција на тиња третманот и составот на тињата и местото на нејзиното користење.

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина поблиску ги пропишува формата и содржината на образецот на барањето и на дозволата за користење на милот, како и начинот на издавање на дозволата за користење на милот од ставот (1) на овој член.

***<u>Водостопанства</u>***

Со Законот за Водостопанствата се уредуваат: основањето, организирањето, работењето, финансирањето, контролата и престанокот на работењето наводостопанствата.

Целите на Законот за водостопанство се:

-обезбедување на економично стопанисување, користење, функционирање и одржување на хидросистемите, системите за наводнување и системите за одводнување (во натамошниот текст: системи), преку водостопанствата како автономни јавно правни субјекти;

[44] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел IV Заштита на водите, Член 105)

[45] (Закон за водите Сл. Весник на Р. Македонија бр.87/08 од 15,07,2008 година Оддел IV Заштита на водите, Член 118)



Нацрт верзија

Со цел да обезбеди ефикасна работа на системот, да заштити или обезбеди сигурност на објектите кои припаѓаат на системот, водостопанството може да:
-насочува водни тела во акумулацијата или во други објекти на системот;
-гради и одржува објекти за заштита и одбрана од поплави;
-гради и одржува објекти за спречување од ерозија;
-гради и одржува објекти за регулирање на реките и пороите и
-врши други работи во согласност со закон.[46]

**Односи со корисниците[47]**
Водостопанството врши снабдување со вода врз основа на склучен договор.
Во случај кога водата е наменета за потреби на наводнувањето, таа ќе се испорачува врз основа на:
-долгорочни договори за снабдување со вода кои се склучуваат со водната заедница и
-годишни договори за снабдување со вода во сезона за наводнување кои
се склучуваат со индивидуални корисници.

Нацрт верзија

## ***IV. ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА***

**Предмет на уредување[48]**
(1) Со овој закон се уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја (во натамошниот текст: заштита на природата).
(2) Врз употребата на природните богатства за економски цели покрај одредбите на овој закон се применуваат и одредбите на посебните закони.
(3) Врз заштитата на природата се применува и Законот за животна средина, доколку со овој закон поинаку не е уредено.
(4) Врз заштитата на природата се применуваат и одредбите од другите закони кои се однесуваат на заштитата на природата.
(5) На постапките утврдени со овој закон се применува Законот за општа управна постапка, доколку

[46] (Закон за водостопанствата “Сл. весник на Р Македонија” бр.85/03 од 31.12.2003 година Оддел I. Општи одредби, Член 1,2 и 12)
[47] (Закон за водостопанствата “Сл. весник на Р Македонија” бр.85/03 од 31.12.2003 година Оддел V. Односи со корисниците, Член 63 и 64)

со овој закон поинаку не е уредено.

Цели на Заштита на Природата се:
1) утврдување и следење на состојбата на природата;
2) зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
3) установување на мрежа на заштитени подрачја поради трајна заштита на својствата врз основа на кои го стекнале статусот на природно наследство;
4) обезбедување на одржливо користење на природно богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
5) спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата и
6) обезбедување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

**Остварување на заштитата**[49]
Заштитата на природата се остварува особено со:
1) утврдување на компонентите на биолошката и пределската разновидност и нивната загрозеност;
2) создавање на услови и преземање на мерки за заштита на природата со цел зачувување и рационално управување со одредени компоненти на биолошката и пределската разновидност, како и одржливо и рационално користење на природното богатство;
3) планирање и уредување на просторот;
4) вградување на условите и мерките за заштита на природното богатство во плановите за стопанисување со природното богатство во одделни стопански дејности, и тоа: општи и посебни планови за стопанисување со шумите, општата ловно-стопанска основа, програма за стопанисување со пасиштата, стратегијата и планот за управување со водни ресурси, стратегија за развој на енергетиката, програма за геолошки истражувања и во другите дејности;
5) следење и подготвување на извештаи за состојбата на природата, известување на јавноста за состојбата на природата, како и овозможување на учеството на јавноста во донесувањето на одлуките за заштита на природата;
6) донесување и спроведување на стратегии, програми, акциони планови, планови за управување, услови и мерки за заштита на природата;
7) поттикнување и поддршка на заштитата на природата преку подигање на јавната свест, а посебно во воспитно-образовниот процес;
8) одржливо користење на природното богатство и доделување на статус на природно наследство;
9) воспоставување на систем на заштита и управување со природата;
10) поврзување и хармонизирање на националниот со меѓународниот систем за заштита на природата и
11) поттикнување на научно-истражувачката работа во областа на заштитата на природата.

**Ограничување или забрана за искористување на природен ресурс**[50]
(1) Во случај на загрозеност на поволната состојба на зачуваност на некој вид или тип на живеалиште,

Нацрт верзија

поради несоодветното користење на природниот ресурс министерот, кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата, ќе го ограничи или целосно ќе го забрани користењето на природниот ресурс, додека трае состојбата на загрозеност.
(2) За ограничувањето или забраната од ставот (1) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата ќе го извести министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за стопанисувањето со природниот ресурс чие користење е ограничено или забрането.

**Општи мерки за заштита на природата**

**Забрана на користење на природата[51]**

Забрането е користење на природата на начин кој предизвикува:

1) оштетување или уништување на биолошката и пределската разновидност;

2) деградација на почвата и губење на нејзината плодност;

3) оштетување на површинските или подземните геоморфолошки вредности;

4) загадување и промена на режимот на водата и

5) загадување на воздухот.

**Оцена на влијанието врз природата[52]**

(1) За планираните активности во природата, кои при нивното спроведување, самостојно или во содејство со други активности можат да ја нарушат природната рамнотежа се утврдува влијанието врз природата согласно со одредбите на овој и друг закон.
(3) Како деградација на природата од ставот (2) на овој член се сметаат особено: истребување и проретчување на видови; менување на карактерот и составот на биоценозите; нарушување во функционирањето на екосистемите; конзервирање, кршење, оштетување, уништување, сечење, откорнување, насипување, експлоатација на камен, песок, чакал, земја и минерални суровини, загадување на воздухот, почвата и водата и други слични дејствија, како и интродукција на туѓи видови во природата на територијата на Република Македонија.

**Компензаторни мерки[53]**

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата донесува решение со кое се определуваат видот на компензаторните мерки, како и начинот на кои ќе се преземат.

**Забранети активности[54]**

Забрането е:

1) истребување на автохтон див вид;

2) намалување на популациите на дивите видови, уништување на нивните живеалишта или менување на нивните животни услови во обем кој би предизвикал загрозеност;

---

[95]( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 14)

[51] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 12)

[52] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 18)

[53] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 19)

[54] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 21)



Нацрт верзија

3)намерно вознемирување на дивите животни, особено во текот на размножувањето, растењето или презимувањето, или нивно заробување, повредување или отстрел;
4) намерно отстранување на растенијата и габите од нивните живеалишта, намалување на нивната популација, или нивно уништување на кој било начин;
5) намерно оштетување или уништување на живеалиштата на дивите видови и
6) користење на неселективни средства за собирање и лов на диви видови.

**Интеграција на мерки за заштита на природата во плановите за стопанисување со природните ресурси**[55]
Ако користењето на растенијата, габите и животните се спроведува врз основа на планови за стопанисување со природните ресурси, одржливото стопанисување со дивите видови се обезбедува на тој начин што плановите содржат мерки за заштита на карактеристиките на екосистемот и биогеографските карактеристики на видот или бројноста и густината на популацијата кои се важни за одржување на поволниот статус на зачуваност на видот.

**Собирање на загрозени, ретки, ендемични и реликтни видови**[56]
(1) Собирањето на загрозени, ретки, ендемски и реликтни видови растенија, габи и нивни делови се врши по претходна дозвола од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.
(2) Отстрелот на диви животни се врши врз основа на претходно добиена дозвола од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на ловството, а врз основа на претходно прибавено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.
(3) Постапката за издавање на дозволата од ставот (1) на овој член, износот на надоместокот, количеството и начинот на користење на загрозените, ретките, ендемските и реликтните видови, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на шумарството и ловството.

**Реинтродукција на видови во природата**[57]
(1) Реинтродукцијата на видови во природата на територијата на Република Македонија може да се врши врз основа на дозвола која ја издава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата по претходно прибавена согласност од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството, ловството и рибарството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.
(2) Дозволата за реинтродукција на диви видови се издава по претходно спроведена постапка за оцена на влијанието врз природата од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, согласно со Законот за животната средина.
(3) Трошоците за изработка на студијата за оцена на влијанието врз природата паѓаат на товар на физичкото или правното лице кое побарало дозвола за реинтродукција.

**Заштита на меѓународно заштитени диви видови**[58]

[55] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 22)
[56] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 23)
[57] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 27)
[58] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 28)

Поволната состојба на видовите животни, габи и растенија заштитени врз основа на меѓународни договори ратификувани од Република Македонија, се обезбедува преку спроведување на заштитата на природните живеалишта и мерките за заштита на одделни видови согласно со одредбите на овој закон.

**Услови за чување и одгледување на диви животински видови во заробеништво**[59]

(1)Забрането е чување и одгледување на диви животински видови во несоодветни услови во заробеништво.

(2)Владата на Република Македонија по претходно прибавено мислење од Националниот совет за заштита на природата ги пропишува условите за чување на диви животински видови во заробеништво.

**Црвена листа и црвена книга** [60]

(1)Дивите растителни, габни и животински видови се распоредуваат согласно со следнава категоризација на нивната загрозеност:

1) истребени видови;
2) загрозени видови од истребување;
3) загрозени видови;
4) ранливи видови и
5) ретки видови.

**Строго заштитени диви видови и заштитени диви видови**[61]

(1) Загрозените диви видови можат да бидат прогласени за строго заштитени диви видови и заштитени диви видови.

(2) Со прогласување на загрозените диви видови за строго заштитени и заштитени се стекнуваат со статус на природно наследство.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, врз основа на научна анализа на загрозеноста на одредени видови и обврските кои произлегуваат од меѓународните договори ратификувани од Република Македонија, а по претходно прибавено мислење од Националниот совет за заштита на природата ги определува строго заштитените диви видови и заштитените диви видови.

(4) На загрозените диви видови определени согласно со ставот (2) од овој член, се применуваат мерки и активности за заштита предвидени во актот од членот 34 став (2) на овој закон, како и други мерки и активности за заштита предвидени со овој закон.

(5) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, во согласност со постапката пропишана врз основа на ставот (3) од овој член, може да ја укине заштитата на одреден див вид кој повеќе не е загрозен, или може да пренесе одреден вид од една во друга категорија на заштита.

**Привремена заштита на загрозените диви видови**[62]

(1) Дивите видови од членот 35 став (1) на овој закон, за кои се води постапка за нивно прогласување за строго заштитени и заштитени диви видови се ставаат под привремена заштита.

(2) Актот за ставање под привремена заштита на загрозените диви видови го донесува министерот кој

---

[59] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 32)
[60] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 34)
[61] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 35)
[62] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 36)



Нацрт верзија

раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата по претходно прибавено мислење од Националниот совет за заштита на природата.
(3) Привремената заштита трае до прогласувањето на загрозените диви видови за строго заштитени и заштитени диви видови или најмногу шест месеца од денот на донесувањето на актот за ставање под привремена заштита.

**Строго заштитен див вид**[63]
(1) Строго заштитен див вид е:
1) див вид на кој му се заканува исчезнување на територијата на Република Македонија;
2) стеноендемски вид и
3) див вид за кој режимот на заштита е пропишан со меѓународни договори ратификувани од Република Македонија.
(2) Одреден див вид може да биде строго заштитен на целата територија на Република Македонија или на одредени локалитети.

**Забранети активности за строго заштитени диви видови**[64]
(1) Забрането е уништување, сеча или копачење на строго заштитените растенија и габи.
(2) Забрането е постапување со строго заштитените животни, кое се однесува на:
1) нивно намерно заробување, чување и отстрел;
2) намерно оштетување или уништување на нивните развојни облици, гнезда, легла, како и нивните живеалишта или делови од живеалишта;
3) нивно намерно вознемирување, особено во времето на размножувањето, одгледување на малечките, миграција, презимување, ако таквото вознемирување го загрозува нивниот натамошен опстанок;
4) намерно уништување или земање на јајца од природата и чување на глуви јајца и
5) прикривање, чување, одгледување, продавање, купување и отуѓување или на кој било начин прибавување и препарирање.

**Дозвола за спроведување на забранети активности за строго заштитени диви видови**[65]
(1) По исклучок министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата може да дозволи извршување на активности забранети со членот 38 од овој закон, поради:
1) заштита на растенијата, габите и животните;
2) спречување на значителни штети на посевите, сточниот фонд, шумите, рибниците, водите и другите облици на сопственост;
3) заштитата на безбедноста и здравјето на луѓето, како и друг повисок јавен интерес и
4) образованието и нужното размножување.
(2) Дозволата за вршење на активности забранети со членот 38 од овој закон, поради вршење на научно истражување, ја издава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.
(3) Заради одржување на поволна состојба на зачуваност на видот, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата ги пропишува начинот и постапката под кои може да се врши ограничено и на селективна основа земање, чување и на друг начин користење на одредени строго заштитени

Нацрт Верзија

[63] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 37)
[64] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 38)
[65] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 39)

диви видови во мали популации, во услови на строг надзор.

**Дозволени активности за строго заштитени диви животински видови**[66]

(1) Дозволено е да се отстранат од природата и да се предадат на овластени правни или физички лица:

1) пронајдени мртви примероци од строго заштитени диви животински видови и

2) примероци од строго заштитени диви животински видови кои се болни или повредени, така што да не се способни да преживеат самостојно во природата.

(2) Пронаоѓачот е должен веднаш да го пријави пронаоѓањето на мртви, болни и повредени единки од строго заштитени диви животински видови на надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата врз основа на пријавата од пронаоѓачот, одлучува за натамошното постапување со пронајдените единки на строго заштитени видови од ставот (2) на овој член.

**Заштитен див вид**[67]

Заштитени диви видови се:

1) автохтони диви видови кои се загрозени или ретки, но не им се закaнува изумирање на територијата на Република Македонија;

2) диви видови кои не се загрозени, но поради нивниот изглед лесно можат да се заменат со некој загрозен див вид и

3) диви видови за кои соодветниот начин на заштита е предвиден со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија.

**Користење на заштитен див вид**[68]

(1) Користењето на заштитените диви видови се врши на начин и во обем кој нема да ја доведе во опасност поволната состојба на нивната зачуваност.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата во согласност со министерот надлежен за вршење на работите од областа на шумарството, ловството и рибарството ги пропишува мерките и активностите за заштита и начинот и обемот на користење на заштитените диви видови во согласност со одредбите на овој или друг закон.

(3) Мерките и активностите определени во прописот од ставот (2) на овој член, се во согласност со одредбите за заштита на миграторните видови диви животни утврдени со меѓународни договори ратификувани од Република Македонија.

(4) Врз основа на податоците од евиденцијата која ја води надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата во согласност со овој закон, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата може да го забрани или ограничи користењето на определен заштитен див вид.

**Неселективни средства за заробување или отстрел на заштитени диви животински видови**[69]

[66] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 40)

[67] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 41)

[68] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 42)

[69] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 43)



Нацрт верзија

Забранета е употребата на неселективни средства за заробување или отстрел на заштитени диви животински видови, како и на средства кои можат да предизвикаат локално исчезнување или сериозно вознемирување на популациите на тие видови, потоа средства забранети согласно со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија, а особено:
1) стапици;
2) живи животни, ослепени или осакатени животни кои се користат како мамки;
3) електрични убиствени или зашеметувачки направи;
4) вештачки светлечки тела;
5) леќи и други заслепувачки направи;
6) аудионаправи (магнетофони, касетофони и друго) кои емитуваат звуци на довикувања, болка или јавување;
7) направи за осветлување на целта;
8) оптички нишани за ноќен лов со можност за електронско зумирање;
9) експлозиви;
10) отрови и зашеметувачки средства, како и отровни и зашеметувачки мамки;
11) полуавтоматско или автоматско оружје со магацин кој може да содржи повеќе од две парчиња муниција и самострел;
12) летала;
13) моторни возила во движење и
14) други средства утврдени со меѓународни договори ратификувани од Република Македонија.

**Генбанки**[70]
Заради зачувување на видовите или нивниот генетски материјал се установуваат ген-банки, сочинети од контролираните или култивираните популации или делови од габи, животни или растенија, особено семе, спории, репродуктивни клетки и друг биолошки материјал.

**Остварување на заштитата на живеалиштата и екосистемите**[71]
(1) Заштитата на екосистемите и живеалиштата се остварува прекуспроведување на мерки и активности за заштита на природата, одрживото користење на природните богатства и планирањето и уредувањето на просторот.
**Следење на состојбата на типовите загрозени живеалишта**
(1)Типовите загрозени живеалишта се означуваат на карта, а нивната состојба на загрозеност се утврдува, проценува и следи.

**Следење на состојбата на типовите загрозени живеалишта**[72]
**(**1) Типовите загрозени живеалишта се означуваат на карта, а нивната состојба на загрозеност се утврдува, проценува и следи.
(2) Начинот на изготвувањето, одржувањето и означувањето на картата од ставот (1) на овој член, начинот на вршењето на процената на состојбата и загрозеноста на типовите живеалишта, типовите живеалишта, како и загрозените и ретки типови живеалишта ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.
(3) Следењето на состојбата и загрозеноста на живеалиштата го врши надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата, а можат да го спроведуваат и акредитирани

Нацрт верзија

[70] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 45)
[71] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 47)
[72] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 49)

правни лица.

**Мерки за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност**[73]

(1) Мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата по претходно прибавено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството, ловството и рибарството.
(2) Мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност се вклучуваат во изработката на просторните и урбанистичките планови.
(3) Физичките и правните лица кои вршат дејности на подрачјето на распространување на типовите живеалишта се должни да ги спроведуваат пропишаните мерки од ставот (1) на овој член.

**Еколошки значајно подрачје**[74]

(1) Еколошки значајно подрачје е подрачје кое во голема мера придонесува за заштитата и зачувувањето на биолошката разновидност во Република Македонија.
(2) Еколошки значајни подрачја особено се:
1) подрачја со типови живеалишта кои се карактеризираат со особена биолошка разновидност и/или се добро зачувани;
2) подрачја на живеалишта со загрозени или ендемични видови;
3)подрачја со типови живеалишта кои значително придонесуваат за зачувувањето на природната рамнотежа;
4) подрачја со ретки или загрозени типови живеалишта;
5) подрачја на зачувани шумски целини;
6) подрачја на живеалишта на видови кои се заштитени врз основа на меѓународна конвенција ратификувана од Република Македонија;
7) подрачја кои опфаќаат патишта и одморалишта на миграторни видови;
8)подрачја кои придонесуваат за генетската поврзаност на популациите на одреденивидови, односно еколошки коридори или
9) подрачја кои на поинаков начин придонесуваат за зачувувањето на биолошката разновидност.
(3) Еколошки значајните подрачја можат да бидат дел од еколошката мрежа.

**Меѓународно еколошки значајно подрачје**[75]

(2) Владата на Република Македонија по предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата ги утврдува меѓународно еколошки значајните подрачја и начинот на нивното управување на територијата на Република Македонија, во согласност со меѓународните договори за заштита на природата ратификувани од Република Македонија.

**Еколошка мрежа**[76]

(1) Заради зачувување, одржување или обновување до поволна состојба на зачуваност на еколошки значајните подрачја се воспоставува кохерентна еколошка мрежа на посебни подрачја на зачувување.
(2) Еколошка мрежа го претставува системот на меѓусебно поврзани или просторно блиски еколошки

[73] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 50)
[74] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 51)
[75] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 52)
[76] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 53)



Нацрт верзија

значајни подрачја, кои со урамнотежена биогеографска распореденост значително придонесуваат за заштитата на природната рамнотежа и биолошката разновидност.
(3) Владата на Република Македонија ги утврдува еколошки значајните подрачја, еколошката мрежа и системот на еколошки коридори, како и меѓународно еколошки значајните подрачја и начинот на нивното управување на територијата на Република Македонија, во согласност со меѓународните договори ратификувани од Република Македонија од членот 52 став (2) на овој закон, на предлог од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, а по претходно прибавено мислење од Националниот совет за заштита на природата.
(4) Еколошката мрежа по своите карактеристики, принципи, мерки и обем на заштита во целост соодветствува со европската кохерентна еколошка мрежа "НАТУРА 2000".

**Шумски живеалишта и екосистеми**[77]
Зачувувањето на биолошката разновидност во шумските екосистеми се спроведува со заштита на шумите во рамките на заштитените подрачја, како и преку општите и посебните планови за стопанисување и заштита на шумите, во согласност со одредбите на овој закон и друг закон.

**Води и водни живеалишта и екосистеми**[78]
(1) Водите и водните живеалишта, во смисла на овој закон, претставуваат природно богатство и се зачувуваат во нивната природна состојба.
(2) Водните живеалишта ги вклучуваат езерата, акумулациите, барите, мочуриштата и други водни површини, како и извори, потоци, реки и други водотеци со крајбрежниот појас кој не е помал од 10 метра од бреговата линија утврдена при постоење на највисок водостој.

**Биолошки минимум на водни живеалишта**[79]
(1) Заради заштита на опстанокот на природното богатство и зачувувањето на биолошката и пределската разновидност во водните живеалишта е забрането преградување на водотеците на начин кој придонесува за деградирање на живеалиштето, намалување наколичеството на вода под биолошкиот минимум, исушување, затрупување на изворите, мочуриштата и другите водни живеалишта.

**Спречување на загадување на водни живеалишта**[80]
(1) Заради заштита на биолошката и пределската разновидност во водните живеалишта се преземаат мерки и активности за спречување на загадувањето на водните живеалишта и водите кои се влеваат во водните живеалишта, согласно со одредбите на овој или друг закон.
(2) Надлежните органи кои во рамките на својот делокруг утврден со закон, како и физичките и правните лица кои вршат стопанска или друга дејност, се должни да обезбедат прочистување на комуналните и индустриските отпадни води кои се влеваат во водите на водните живеалишта.

**Забрана на изградба на објекти или стопанисување со крајбрежјето на водните живеалишта**[81]
Забранета е изградбата на објекти или стопанисувањесо природните богатства крај природните извори, покрај брегот на природните водотеци, крајбрежјето на природните или вештачките езера, како и плавените рамнини на водотеците, освен ако тоа не е уредено со закон или друг пропис или е

[77] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 54)
[78] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 55)
[79] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 56)
[80] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 57)
[81] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 58)



Нацрт верзија

определено во планската документација.

**Живеалишта и екосистеми на пасишта**[82]
(1) Заради заштита на биолошката и пределската разновидност со пасиштата и тревните површини се стопанисува преку нивно користење на традиционален начин.

**Меѓни живеалишта и екосистеми**[83]
(1) Заради заштита на биолошката и пределската разновидност на обработливите површини се заштитуваат значајните меѓни живеалишта на начин пропишан со овој закон.
(2) При арондација треба да се зачуваат постојните или да се создаваат нови живеалишта од ставот (1), да се планира нивниот распоред и големина на начин со што се обезбедуваат значајните вредности на живеалиштата за биолошката и пределската разновидност.

**Високопланински живеалишта и екосистеми**[84]
(1) Заради заштита на биолошката и пределската разновидност на високопланинските живеалишта и екосистеми се забранува каква било антропогена активност освен онаа поврзана со традиционалното сточарство.
(2) Се забранува изградба на објекти, освен оние кои се потребни за спроведување на традиционалното сточарство, преградување или прокопување доводни или одводни канали, како и интродукција на алохтони видови на/во глацијалните високопланински езера.
(3)Се забранува експлоатација на карпи и минерали од карпестите високопланински живеалишта.

**Систем на заштитени подрачја**[85]
(1)Системот на заштитени подрачја се воспоставува заради заштита на биолошката разновидност во рамките на природните живеалишта, процесите кои се случуваат во природата, како и абиотичките карактеристики и пределската разновидност.

**Категоризација на заштитени подрачја**[86]
(1) Категории на заштитени подрачја, во смисла на овој закон, се:
1) строг природен резерват;
2) национален парк;
3) споменик на природата;
4) парк на природата;
5) заштитен предел и
6) повеќенаменско подрачје.

**Прекугранично поврзување на заштитени подрачја**[87]
(1) Категориите на заштитени подрачја од членот 66 на овој закон, можат прекугранично да се поврзуваат со заштитени подрачја на териториите на соседните држави на Република Македонија.
(2) Плановите за управување со заштитени подрачја од ставот (1) на овој член ги донесуваат спогодбено субјектите надлежни за управување со заштитените подрачја на двете држави.

[82] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 60)
[83] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 61)
[84] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 62)
[85] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 65)
[86] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 66)
[87] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 67)



Нацрт верзија

**Категорија повеќенаменско подрачје**[88]
(1) Повеќенаменското подрачје е подрачје кое вообичаено се распространува на релативно голема територија на копно и/или вода, кое е богато со води, шуми или ливади и може да биде искористено за лов, риболов или туризам, или за размножување на диви животни.
(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, повеќенаменското подрачје како заштитено подрачје, во смисла на овој закон, е подрачје богато со води, шуми и ливади, а кое е од исклучително значење за потребите на одбраната.
(3) Повеќенаменското подрачје може да биде антропогено изменето, како и да опфаќа населби.
(4) Повеќенаменското подрачје не мора да опфаќа еколошки значајни подрачја или други вредности од национален интерес.

**Начин на прогласување на заштитено подрачје**[цв]
(1) Строги природни резервати, национални паркови и споменици на природата се прогласуваат за заштитено подрачје со закон.
(2) Парковите на природата, заштитените предели и повеќенаменските подрачја за заштитени подрачја ги прогласува Владата на Република Македонија.
(3) Со прогласувањето на заштитено подрачје истото стекнува статус на природно наследство.
(4) Актот за прогласување на заштитено подрачје содржи: назив на заштитеното подрачје, категорија на заштита, географски карактеристики и други основни обележја, границите на распространување, зонирање на заштитеното подрачје, режим на заштита, субјект кој ќе управува и други прашања утврдени со актот за прогласување.

**Зонирање на заштитено подрачје**[89]
(1) Со актот за прогласување од членот 92 на овој закон, во заштитеното подрачје можат да се установат особено следниве зони:
1) зона за строга заштита;
2) зона за активно управување;
3) зона за одржливо користење и
4) заштитен појас.
(2) Активностите и дејностите кои можат да се вршат во зоните кои се установуваат согласно со ставот (1) на овој член, се определуваат со актот за прогласување за заштитено подрачје од членот 92 на овој закон и планот за управување со заштитеното подрачје.

**Поднесување на предлог за прогласување на заштитено подрачје**[90]
(1) Предлог за прогласување за строг природен резерват, национален парк и споменик на природата можат да дадат органите на државната управа, советот на општината, советот на општината од градот Скопје и Советот на градот Скопје на чие подрачје се наоѓаат научни установи, други органи, организации и институции.
(2) Предлог за прогласување на парк на природата, заштитен предел и повеќенаменско подрачје за заштитено подрачје покрај овластените предлагачи од ставот (1) на овој член, можат да дадат и физички и правни лица.
(3) Предлозите од ставовите (1) и (2) на овој член, се доставуваат до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата и покрај другото содржат:

[88] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 88)
[134] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 92)

[90] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 94)



Нацрт верзија

основа за поднесување на предлогот, картографски приказ, како и стручна студија за основаноста на предлогот.

**Прифатливост на предлогот за прогласување на заштитено подрачје**[91]

(1) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата по разгледувањето на предлогот за прогласување заштитено подрачје и мислењето од Националниот совет за заштита на природата и предлага на Владата на Република Македонија донесување на одлука за прифатливоста на предлогот и за натамошната постапка за прогласување на заштитеното подрачје.

(2) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата по одлуката на Владата на Република Македонија ја спроведува јавната расправа по предлогот.

**Одлучување по конечниот предлог за прогласување на заштитено подрачје**[92]

(1) По завршената јавна расправа по предлогот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата го изработува конечниот предлог за прогласување на заштитено подрачје и го доставува до Владата на Република Македонија.

(2) Конечниот предлог за прогласување на заштитено подрачје особено содржи мислење од завршената јавна расправа и акт за прогласување за заштитено подрачје.

(3) Владата на Република Македонија го разгледува и усвојува предлогот за прогласување на заштитено подрачје и одлучува за прогласувањето, односно за натамошното постапување по предлогот.

**Привремена заштита**[93]

(1) Деловите на природата за кои се води постапка за нивно прогласување за заштитено подрачје, се ставаат под привремена заштита.

(2) Решение за привремена заштита на деловите на природата од ставот (1) на овој член, го донесува Владата на Република Македонија.

(3) Привремената заштита трае една година од денот кога е донесено решението од ставот (2) на овој член, или најдоцна до донесувањето на актот за прогласување на заштитено подрачје.

**Донесување на планови за управување со заштитени подрачја**[94]

(1) Заради остварување на заштитата на заштитените подрачја, субјектите надлежни за вршењето на активностите на управување и заштита донесуваат планови за управување и годишни програми за заштита на природата.

(2) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата ја пропишува содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата.

(3) Плановите за управување со заштитените подрачја треба да се во согласност со Просторниот план на Република Македонија и одредбите на овој закон и да ги содржат сите пропишани мерки и активности за заштита на природата, а особено:

1) изготвување на преглед на заштитеното подрачје и еколошки значајните подрачја во него, со нивните карактеристики и оцена на состојбата;

2) заштитни мерки и развојни насоки за заштитеното подрачје и еколошки значајните подрачја;

[91] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 95)
[92] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 96)
[93] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 97)
[94] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 98)



Нацрт верзија

3) мерки за заштита на биолошката разновидност, особено мерки за зачувување на природните живеалишта;
4) мерки за заштита на карактеристичните предели;
5) утврдување на систем на мерки и активности за заштита од пожари и други природни катастрофи и
6) изготвување на картографски приказ на природните живеалишта.
(4) Плановите за управување со заштитените подрачја од ставот (1) на овој член, ги донесува субјектот задолжен за вршењето на работите на управување и заштита, согласно со актот за прогласување, по претходно прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.
(5) Годишните програми за заштита на природата од ставот (1) на овој член, ги донесува субјектот задолжен за вршењето на работите на управување и заштита, согласно со актот за прогласување, по претходно прибавена согласност од надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата.
(6) На делот на плановите за управување од ставот (1) на овој член, со кој се уредува системот на мерки и активности за заштита од пожари и други природни катастрофи, согласност дава надлежниот орган на државната управа определен со закон.

**Просторни планови за заштитени подрачја**[95]

(1) Заради уредување и користење на просторот на категориите заштитени подрачја по потреба се донесува просторен план. За категоријата национален парк, обврзно се донесува просторен план.
(2) Просторниот план на заштитено подрачје, во согласност со одредбите на овој закон, содржи:
1) текстуален дел:
- големина, граници и местоположба на паркот;
- состојба на природната средина;
- состојба на постојната просторна уреденост, организацијата и заштитата;
- цели и задачи за просторен развој;
- просторна разместеност на населението, населбите и туристичките локалитети;
- просторна разместеност на инфраструктурни системи и
- насоки и мерки за спроведување на планот и
2) графички дел:
- релјеф и геоморфолошки форми;
- педолошка карта;
- вегетациска карта;
- хидрографија;
- постојна просторна организација и
- опременост и изграденост на просторот.

**Зона за строга заштита**[96]

(1) Зона за строга заштита претставува дел од заштитеното подрачје со највисок интерес за заштитата, што се карактеризира со изворни, неизменети карактеристики на екосистемите, или има сосема мали промени како резултат на традиционални управувачки практики.
(2) Во зоната за строга заштита може да се разграничат:
1) изворно природни простори, без никаква интервенција на човекот и
2) простори со ограничена интервенција, каде што традиционалниот начин на стопанисување (управување) е си уште присутен и служи за одржување на природните вредности на зоната.

[95] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 103)
[96] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 104)



Нацрт верзија

(3) Во зоната за строга заштита се дозволени научно-истражувачки активности, доколку тие не се во спротивност со примарните цели на заштита на подрачјето.
(4)Заради одржување на карактеристиките на зоната за строга заштита субјектот кој управува со природното наследство е должен да обезбеди постојан мониторинг.

**Зона за активно управување[97]**
(1) Зоната за активно управување претставува зона од висок интерес за заштита, во која се потребни поголеми управувачки интервенции со цел реставрација, ревитализација или рехабилитација на живеалиштата, екосистемите и другите елементи од пределот.
(2) Во зоната за активно управување може да се вршат активности на управување кои се однесуваат на:
1) манипулирање со живеалишта и
2) манипулирање со видови.
(3) Во зоната за активно управување се дозволени активности од економски карактер кои немаат негативно влијание на примарната цел на заштита, како екотуризам или традиционално екстензивно земјоделство.
(4) Успешното управување со оваа зона, како и нејзиното натамошно трајно одржување, може да доведе до стекнување карактеристики на зоната за строга заштита.

**Зона за одржливо користење[98]**
(1) Зоната за одржливо користење претставува значителен дел од заштитеното подрачје кој не поседува високи вредности за заштитата, каде што се наоѓаат инфраструктурни објекти, објекти на културното наследство, типови на шумски насади коишто не се карактеристични за подрачјето, како и населени места со околното земјоделско земјиште.
(2) Долготрајното преземање на интервенции и мерки, може да доведе до стекнување карактеристики на зоната за активно управување.

**Заштитен појас[99]**
(1) Заштитен појас по правило е површина надвор од природното наследство и има улога да ги заштити зоните од членовите 104, 105 и 106 на овој закон со интерес за заштита од заканите што потекнуваат надвор од подрачјето на природното наследство.
(2) При вршењето на стопански дејности во рамките на заштитниот појас задолжително се применуваат мерките за заштита утврдени со овој закон.
(3) Заштитен појас се воспоставува и во рамките на заштитеното подрачје меѓу зоните чиј режим на заштита и управување меѓусебно се исклучува.

**Општи мерки за заштита на природата**
Забрането е користење на природата на начин кој предизвикува:
1) оштетување или уништување на биолошката и пределската разновидност;
2) деградација на почвата и губење на нејзината плодност;
3) оштетување на површинските или подземните геоморфолошки вредности;
4) загадување и промена на режимот на водата и
5) загадување на воздухот.

[97] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 105)
[98] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 106)
[99] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 107)



Нацрт верзија

**Заштитни зони**

**Определување на заштитните зони**

Владата на Република Македонија ги определува:

1) заштитните зони за водни тела наменети за консумирање од страна на човекот, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина;

2) заштитните зони за водни тела означени како води за рекреација, вклучувајќи ги и водите за капење, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на на животната средина;

3)заштитните зони кои се чувствителни на нитрати, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството и министерот кој раководи со органот на ржавната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството;

4)водните тела кои се чувствителни на испуштањето на урбани отпадни води како аштитни зони, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управанадлежен за вршење на работите од областа на животната средин министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството;

5) областите определени како заштитено природно наследство каде што одржувањето и подобрувањето на состојбата на водите е значаен фактор, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и

6) зоните наменети за заштита на растителни и животински видови кои живеат или се Зависни од вода а се економски значајни, на предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на шумарството.

**Учество на јавноста во одлучувањето за прашања од областа на заштитата на природата[100]**

(1)Се обезбедува учество на јавноста во изготвувањето на прописите и документите кои произлегуваат од одредбите на овој закон, а особено за: актите за прогласување заштитено подрачје, просторно планската документација за заштитено подрачје, плановите за управување со заштитено подрачје, плановите и проектите за користење на природното богатство кои имаат влијание врз природата.

(2) Јавноста се известува со јавен оглас или поединечно известување до заинтересираните субјекти за актот или дејноста кои можат да влијаат на состојбата на природата.

(5) Известувањето на јавноста е задолжително во случаите пропишани со овој закон

**<u>ЖИВОТНА СРЕДИНА</u>**

**НАЧЕЛА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА[101]**

[100] ( Законот за заштита на природата,"Сл. весник на Р Македонија" бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 156)

[101] (Закон за животна Средина, Сл.Весник на Р.Македонија бр.53 од 05.07.2005 година Оддел II. Начела на Заштита, Член 6 и 8)

**Начело на висок степен на заштита**
Секој е должен при преземањето активности или при вршењето дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

**Начело на одржлив развој**
Заради задоволување на потребите за здрава животна средина, како и социјалните и економските потреби на сегашните генерации, без притоа да се загрозат правата на идните генерации да ги задоволат сопствените потреби, при преземањето на секоја активност или вршење на која било дејност задолжително треба да се води сметка за рационалното и одржливото користење на природните богатства.

**Катастар за животната средина**[102]
(1)Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина го воспоставува и одржува единствениот Катастар за животната средина (во натамошниот текст: Катастар), кој ги вклучува Катастарот на загадувачите на воздухот, водите и на почвата, Катастарот на создавачите на бучава, Катастарот на создавачите на отпад, Катастарот на заштитените подрачја и другите катастари утврдени со посебните закони.
УПРАВА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Надлежности на Управата за животната средина**[103]
Управата за животната средина:
1) врши стручни работи во заштита на природата;
2) врши стручни работи во управувањето со отпадот, воздухот, хемикалиите, бучавата и други области на животната средина;
3) врши стручни работи во заштита на водите и почвата од загадување;
4) врши стручни работи во постапката за оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина и во постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план;
5) го води Катастарот за животна средина и Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики;
6) го води мониторингот на животната средина и
7) врши други работи определени со овој и друг закон.

Нацрт верзија

[102] (Закон за животна Средина, Сл.Весник на Р.Македонија бр.53 од 05.07.2005 година Оддел VI. Информативен систем, Член 42)
[103] (Закон за животна Средина, Сл.Весник на Р.Македонија бр.53 од 05.07.2005 година Оддел XVII. Управа за животна средина, Член 160 и 161,)

## VI. ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА

Zaradi obezbeduvawe na zdravjeto na rastenijata, odgleduva~ot na rastenijata e potrebno da bide informiran za slednoto[104]:

Zdravje na rastenijata e zaшita na rastenijata, rastitelnite proizvodi i drugi objekti i predmeti od шtetni organizmi navedeni vo Listite od zakon, otkrivawe, odreduvawe, sledewe i spre~uvawe na pojava i {ireweto {tetni organizmi se organizmi koi pripaѓaat na `ivotinskiot ili rastitelniot svet, virusi, mikoplazmi ili drugi patogeni organizmi, koi se шtetni za rastenijata ili rastitelnite proizvodi.

Pasoш za rastenija e dokument so koj se potvrduva deka rastenijata, rastitelnite proizvodi i drugite objekti i predmeti koi se dvi`at na teritorijata na Republika Makedonija gi ispolnuvaat uslovite za zdravstvenata sostojba na rastenijata.

Sopstvenikot mora da gi kontrolira rastenijata koi gi odgleduva, rastitelnite proizvodi i drugite objekti i predmeti koi gi poseduva, so cel za otkrivawe na pojava na шtetni organizmi.

Sopstvenikot treba vednaш da go izvesti nadle`niot inspekciski organ za site novi ili neo~ekuvani pojavi na шtetni organizmi vklu~eni vo listite Lista I Del A i Lista II Del A. Sopstvenikot mora da prezeme merki utvrdeni od strana na Fitosanitarnata uprava za spre~uvawe na шireweto na шtetnite organizmi i nivno suzbivawe

Шtetnite organizmi koi se smetaat za osobeno opasni i ~ie vnesuvawe i шirewe vo Republika Makedonija e zabraneto se klasificirani vo slednite listi:

- Lista I del A i Lista II del A koi se odnesuvaat na celata teritorija na Republika Makedonija i
- Lista I del B i Lista II del B koi se odnesuvaat na odredeni za шtiteni zoni vo Republika Makedonija,

Pri pojava na шtetni organizmi, copstvenikot mora da gi zaшtiti rastenijata, rastitelnite proizvodi ili drugite objekti i predmeti, da spre~i kontakt so drugi rastenija, rastitelni proizvodi ili drugi objekti i predmeti na na~in predviden od Fitosanitarnata uprava.

Vo slu~aj na somnevawe na pojava na шtetni organizmi според zakon, treba da se zeme oficijalna mostra od fitosanitarniot inspektor i istata da se isprati vo Dr`avnata fitosanitarna laboratorija na dijagnosti~ki testirawa. Laboratorijata go potvrduva ili go negira somnevaweto za prisustvo na шtetni organizmi i go osiguruva identitetot na mostrata.

Koga ќe se utvrdi prisustvo na шtetni organizmi od - Lista I del A i Lista II del A; Lista I del B i Lista II del B, fitosanitarniot inspektor ќe naredi uniшtuvawe ili otstranuvawe na drug na~in, ќe predlo` i tretman i/ili drugi propiшani merki.

Posebno regulirano podra~je e podra~je so prisustvo na шtetni organizmi ili podra~je na koe mu se zakanuva prisustvo na шtetni

Нацрт верзија

[104] ( Закон за здравје на растенијата Сл. Весник 29/2005 Член 2,6,7,9,10,12,14,15)

organizmi ili podra~je bez prisustvo na шtetni organizmi vo koe zdravjeto na rastenijata se obezbeduva na propiшan na~in.

Pri otkrivawe na prisustvo na nekoj шteten organizam ili pri postoewe na rizik od negovo prisustvo, fitosanitarniot inspektor go obele`uva mestoto na prisustvo na шtetniot organizam, nareduva prezemawe na merki i i informira sopstvenicite.

(zabrana za vnesuvawe i шirewe na шtetni organizmi)

(zabrana za uvoz ili dvi`ewe na rastenija, rastitelni proizvodi i drugi ojekti i predmeti)

Vnesuvawe i шirewe na шtetni organizmi navedeni vo

Lista I del A i Lista II del A , se zabranuva

Lista I del B i Lista II del B, vo ramkite na zaшtitena zona se zabranuva,

Lista III del A; Lista III del B, uvoz na rastenija, rastitelni proizvod drugi objekti i predmeti se zabranuva, i vo ramkite na za{titenata zona

Lista IVdel A; Lista IVdel B, dokolku propiшanite fitosanitarni uslovi ne se ispolneti, uvozot ili dvi`eweto na rastenija, rastitelni proizvodi i drugi objekti i predmeti se zabranuva, kako i vo ramkite na za{titenata zona

Lista V del A; Lista Vdel B se odnesuva rastenija, rastitelni proizvodi i drugi objekti i predmeti koi mora da bidat predmet na fitosanitarna inspekcija za zdravjeto na rastenijata na mestoto na proizvodstvo i poteklo pred nivnoto dvi`ewe vo R. Makedonija

**Registar na proizvoditeli, prerabotuva~i, uvoznici i distributeri na rastenija, rastitelni proizvodi i drugi objekti i predmeti[105]**

Samofizi~ki i pravni lica koi gi ispolnuvaat propiшanite uslovi za izvrшuvawe na aktivnosti i se vneseni vo registerot na proizvoditeli, prerabotuva~i, uvoznici i distributeri na na rastenija, rastitelni proizvod drugu objekti i predmeti od Lista V del A; Lista Vdel B.

Fitosanitarnata uprava donesuva reшenie za vnesuvawe vo registerot.

Liceto odgovorno za zdravjeto na rastenijata e dol`no da:

- vodi to~na i precizna evidencija za proizvodstvoto, prerabotkata i prometot so rastenija, rastitelni proizvodi i drugi objekti i predmeti koi gi kupuva za skladirawe ili sadewe vo prostorii, koi gi proizveduva ili nudi za proda`ba i dokumentite za niv da gi ~uva najmalku edna godina.
- vrшi redovni vizuelni proverki za zdravjeto na rastenijata.
- ja izvesti Fitosanitarnata uprava za site nevoobi~aeni i nenadejni pojavi na шtetni organizmi, simptomi ili drugi osobeni pojavi za rastenijata, kako i za proizvodstvoto i pojavata na zabraneti rastitelni vidovi.

Rastenijata, rastitelnite proizvodi i drugite objekti i predmeti navedeni vo Listata V Del A proizvedeni, preraboteni ili koristeni od strana na pravni ili fizi~ki lica vneseni vo registerot i koi se nameneti za dvi`ewe, moraat da bidat podlo`eni na fitosanitarna inspekcija za da

---

[105] (Закон за здравје на растенијата Сл. Весник 29/2005 Член 19,21,48,49)

se garantira zdravstvenata sostojba i na istite ke im bide izdaden Pasoш za rastenija.

Proizvoditelite, prerabotuva~ite, uvoznicite i distributerite vo pogled na izdavawe pasoш za rastenija navedeni vo zakon treba da

- ja izvesti Fitosanitarnata uprava za site promeni

Кpuva~ite na rastenija, rastitelni proizvodi i drugi objekti i predmeti koi se vklu~eni vo prometot na proizvodenite ili prerabotenite proizvodi kako krajni potroшuva~i mora da gi ~uvaat site vidovi na pasoш na rastenijavo soglasnost so propiшanite vremenski rokovi

**Nadle`nosti na dr`avnite organi[106]**

Fitosanitarnata uprava e odgovorna za izvrшuvawe na slednive zada~i i obvrski:

1) sorabotka pri implementiraweto na fitosanitarnata politika vo oblasta na zdravjeto na rastenijata;

2) sledewe, prognozirawe, determinirawe i odreduvawe na merki za zaшtita od шtetni organizmi

3) podgotvuvawe proceni na rizik vo slu~aj od pojava ili otkrivawe na novi шtetni organizmi, davawe tehni~ki instrukcii i merki;

4)obezbeduvawe fitosanitarni merki;

5) izvestuvawe za pojavenost, nenadejni pojavi i шirewe na шtetni organizmi vo zemjata i nadvor od nea;

**6.4. Upotreba i aplikacija na proizvodi za zaшtita na rastenijata.[107]**

Vo procesot na evropskata integracija na Republika Makedonija izvrшeno e pribli`uvawe na zakonodavstvoto i vo oblasta na proizvodite za zaшtita na rastenijata (pesticidi) spored direktivata EU 91/414 EEC i e donesen Zakonot za proizvodi za zaшtita na rastenijata Sl. Vesnik br. 110/2007 koj se odnesuva na odobruvaweto, plasiraweto na pazarot, upotrebata i kontrolata na proizvodite za za[tita na rastenijata i opremata za aplikacija na proizvodite za zaшtita na rastenijata.

Proizvodot za zaшtita na rastenijata mo`e da se proizveduva, plasira na pazarot i upotrebuva vo Republika Makedonija samo vo soglasnost so uslovite odredeni so odobrenieto, spored negovata deklaracija, upatstvo, i spored pravilata za dobra zaшtitarska praksa i kade {to e mo`no, spored pravilata za integralna zaшtita na rastenijata.

Proizvodi za zaшtita na rastenijata se aktivni supstanci i preparati шto sodr`at edna ili pove ќe aktivni supstanci, podgotveni vo forma vo koja se dostavuvaat do korisnikot, nameneti za:

- zaшtita za zaшtita na rastenijata i rastitelnite proizvodi od шtetni organizmi ili za spreчuvawe na dejstvuvaweto na ovie organizmi do onaa mera do koja шto takvite supstanci ili preparati poinaku ne se definirani

[106] (Закон за производи за заштита на растенијата Сл. Весник 110/2007 Член 72)
[107] (Закон за производи за заштита на растенијата Сл. Весник 110/2007 Член 2, 3,4,7,9,18)



Наацрт верзија

( barawe za odobruvawe na proizvodi za zaштita na rastenijata)

Barawe za odobrenie na proizvodi za zaштita na rastenijata treba da бide podneseno do Fitosanitarnata uprava.

Baratelot mo`e da bide proizvoditel ili pravno lice ovlasteno od nego.

(postapka za odobruvawe na proizvodi)

Upravata }e go prifati baraweto za odobruvawe na proizvodot.

(period na va`ewe, prodol`uvawe na va`nosta i revizija na odobrenieto na proizvodite)

Odobrenieto se izdava za period do deset godini.

Periodot na va`ewe na odobrenieto mo`e da bide prodol`uvan maksimum za pet godini so mo`nost za povtoruvawa.

(informirawe za mo`ni штetni efekti)

Nositelot na odobrenieto na proizvodot ili na onie na koi im bilo odobreno, se dol`i vednaш da ja izvestat Upravata za site novi informacii za potencijalno opasnite efekti od koj bilo proizvod ili od ostatocite od aktivnata supstancija vrz zdravjeto na ~ovekot ili na `ivotnite ili vrz podzemnite vodi ili za potencijalnao opasnite efekti што tie mo`at da gi predizvikaat vrz `ivotnata sredina.

**RAKUVAWE SO PROIZVODI**[108]

Pakuvaweto i deklariraweto na proizvodite treba da bide izvrшeno vo soglasnost so propisite.

Proizvodstvo, plasirawe na pazarot na proizvodi i aktivni supstanci koi se vklu~eni vo proizvodot, mo`e da vr{i pravno lice, na proizvod koj e odobren vo R.Makedonija i dokolku e zapiшan vo registerot na pravni lica za proizvodstvo, plasirawe na golemo i malovo specijalizirani prodavnici na proizvodi za zaштita na rastenijata.

| |
|---|
| Fitosanitarnata uprava izgotvuva Nacionalna lista na odobreni proizvodi i aktivni supstanci koi se primenuvaat za zaштita na rastenijata na teritorijata na Republika Makedonija, objaveni soglasno so Aneksot 1 od EU Direktivata 91/414 EEC. |

***Truewe i prva pomoш pri upotrebata na proizvodite za zaштita na rastenijata***[109]

Spored Zakonot za proizvodi za zaштita na rastenijata Sl. Vesnik br. 110/20 i Zakonot za hemikalii Sl. Vesnik br. 113/07

Spored Zakonot za proizvodi za zaштita na rastenijata Sl. Vesnik br. 110/2007 Mnogu otrovni supstanci i proizvodi se supstanci i proizvodi koi vo mali koli~estva predizvikuvaat smrt ili akutno i hroni~no oштetuvawe na zdravjeto na luѓeto koga ќe se progoltat, vdiшat ili apsorbirat preku ko`at(T+), odnosno i grupa na otrovi, soglasno so Zakonot za hemikalii Sl. Vesnik br. 113/07 se ureduva nadzorot so cel za zaштita na zdravjeto na luѓeto i zaштita na `ivotnata sredina, stepenot

[108] (Закон за производи за заштита на растенијата Сл. Весник 110/2007 Член 25,26)
[109] (Закон за производи за заштита на растенијата Сл. Весник 110/2007 Член 2)



Нацрт верзија

na opasnost, kako i uslovite, obvrskite i na~inot na sigurno rakuvawe so hemikalii.

Pesticidot (otrovot) mo`e da vleze vo organizmot na tri na~ini: so vdiшuvawe (inhalacija), so goltawe (peroralno) i preku ko`ata (dermalno).

Najva`na merka na prvata pomoш e da se prekine vnesuvaweto na otrovot vo organizmot i vo slu~aj na inhalacija zatrueniot da se iznese na ~ist i sve` vozduh. Vo slu~aj na potreba da se is~istat diшnite patiшta (ustata i nosot). Ako e vo besvesna sostojba, vednaш da se postavi vo koma polo`ba - bo~no (na edna strana) i da se proveri jazikot za da ne dojde do guшewe.

Ako rabotel bez zaшtitna obleka i otrovot doшol na otkrienite delovi na teloto potrebno e ko`ata da se izmie so mlaka voda i sapun, a o~ite desetina minuti da se mijat so obi~na ~ista voda.

Vneseniot otrov so goltawe da se otstrani so predizvikuvawe na povraќawe ili so plaknewe na `eludnikot. Ako e svesen zatrueniot da mu se dade da ispie okolu polovina litar voda, a potoa so draznewe na `dreloto i resicite da se predizvika povraќawe. Ova da se povtoruva dodeka povraќaнata sodr`ina ne stane bistra (voda), a potoa da se dade aktiven (medicinski) jaglen 30-50 gr. razmaten vo ~aшa voda.

Po davaweto prva pomoш zatrueniot treba da se odnese do najbliskata zdravstvena ustanova. Na zdravstvenoto lice treba da mu se objasni od koja grupa na otrovi e nastanato trueweto, so cel da se ovozmo`i pravilna antidotska terapija koja lekarot treba da ja sprovedi. Vo praksata postojat desetina vistinski antidoti (protiv otrovi) nasproti poveќe iljadi otrovi.

Нацрт верзија

# VI. БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ[110]

Сопствениците и/или одгледувачите на животни се должни да превземат соодветни мерки за да обезбедат благосостојба на животните кои се под нивна грижа и на истите да не им се предизвикува никаква непотребна болка, страдање или повреда;

Сопствениците и/или одгледувачите на животни се должни да обезбедат услови под кои животните, со исклучок на риби, влекачи или амфибии се одгледуваат или чуваат, земајќи ги во предвид видот и степенот на развој, прилагодувањето и припитомувањето и нивните физиолошки и етолошки потреби, во согласност со одредбите од овој закон и утврденото искуство и научното знаење;

Сопствениците и/или одгледувачите на животни се должни да обезбедат тие, или лицата кои се грижат за животните се соодветно теоретски и практично подготвени и имаат познавања да:

а) препознаат дали животните се во добра здравствена состојба или не;

[110] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Оддел I Општи одредби за заштита на животните Општи услови за нега на животните Член 5)

б) ги препознаат значителните промени во однесувањето;
в) проценат дали околината е соодветна за здравјето и благосостојбата на животните.
Сопствениците и/или одгледувачите на животни се должни да обезбедат животните кои се чуваат на начин во кој нивната благосостојба зависи од честата посета на човекот да бидат прегледани најмалку еднаш дневно. Животните во други системи за чување треба да се прегледуваат во интервали доволни да се избегне секое страдање.
Сопствениците и/или одгледувачите на животни се должни да обезбедат соодветна ветеринарно медицинска грижа за животните.
Хируршките интервенции ќе се изведуваат само доколку за тоа постојат медицински или одгледувачки услови, со соодветна употреба на целосна или локална анестезија и на начин со кој ќе се избегне предизвикување непотребна болка или страдање на животното.
Забрането е поттикнување на агресивност на животните против други животни освен при дресурата на кучиња.
Забрането е поттикнување, организирање и одржување на борби меѓу животните за било какви намени.
Забрането е присилување на животните на работа која го надминува нивниот физиолошки капацитет, здравствена или кондициона способност

**Општи услови кои се однесуваат на живеалиштата, објектите и опремата**[111]
Сместувањето на животните треба да биде на начин на кој ќе се избегне штетното влијание на надворешните фактори на животната средина, како што се бучавата, вибрацијата и атмосферското загадување.
Формата, конструкцијата и одржувањето на живеалиштата, објектите и опремата за животните мораат да бидат такви за да може да се оддржуваат на лесен и хигиенски начин и да ја ограничат опасноста од појава на болести или трауматски повреди на животните како и да обезбедат соодветни безбедносни услови.
Животните кои не се чуваат во објекти треба да бидат соодветно заштитени од неповолните временски услови, грабливци и од ризик по нивното здравје.
Опремата која се користи и која може да има влијание на здравјето и благосостојбата на животните треба да се прегледува најмалку еднаш дневно. Доколку се откријат недостатоци, истите треба веднаш да бидат отстранети или доколку тоа е невозможно, да се превземат соодветни чекори за да се заштити здравјето и благосостојбата на животните.
Слободата на движење на животните, имајќи го предвид видот и во согласност со утврденото искуство и научно знаење, не смее да биде ограничена на начин кој ќе предизвика непотребно страдање или повреда. Доколку животното е постојано или редовно врзано или затворено, мора да му се обезбеди доволен простор за движење соодветен на неговите физиолошки и етолошки потреби во согласност со утврденото искуство и научно знаење.

**Услови кои се однесуваат на хранење, одгледување, размножување, нега и користење на животните**[112]

[111] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Општи услови кои се однесуваат на живеалиштата, објектите и опремата Член 6)

[50](Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Општи услови кои се однесуваат на хранење, одгледување, размножување, нега и користење на животните Член 7)

Нацрт верзија

На животните треба секојдневно да им се обезбеди вода за напојување со соодветен квалитет и соодветна, хранлива, хигиенска и избалансирана добиточна храна во согласност со нивната старост и вид заради одржување на здравјето и физиолошките потреби.
Забрането е хранење и напојување на животните на начин и со храна или течност која содржи супстанции кои ќе предизвикаат непотребно страдање или повреди.
Сопственикот и/или одгледувачот се должни да обезбедат:
1. сите животни да имаат пристап до добиточна храна во интервали соодветни на нивните физиолошки потреби;
2. сите животни да имаат пристап до соодветни поила за вода или да се во можност да ги задоволат нивните потреби за течности на друг начин;
3. опремата за хранење и напојување да биде обликувана, конструирана и позиционирана на начин да се минимализира контаминацијата на храната и водата и да се избегнат штетните ефекти од натпреварување помеѓу животните;
4. ниту една друга супстанција, со исклучок на оние кои се дадени за терапевтски или профилактични цели или за цели на зоотехнички третман, не смее да се примени на животното освен доколку не е докажано со научни студии за благосостојба на животни или со утврдено искуство дека ефектот од таа супстанција не е штетен по здравјето или благосостојбата на животните.
Забрането е одгледување на животни за фармски цели, освен доколку врз основа на нивниот генотип или фенотип може разумно да се очекува дека тие може да се чуваат без штетни ефекти по нивното здравје и благосостојба.
Забрането е природно или вештачко размножување или процедури за размножување кои предизвикуваат или може да предизвикаат страдање или повреда на животните. Со оваа одредба не се исклучува употребата на одредени процедури кои можат да предизвикаат минимално или моментално страдање, повреда или кои може да наметнат интервенции кои би можеле да предизвикаат повреда со трајни последици, доколку истите се одобрени согласно прописите од областа на ветеринарното здравство.
Во случај кога животните очигледно не се во добра здравствена состојба, или покажуваат неповолни промени во однесувањето, сопственикот и/или одгледувачот без одлагање ќе превземе мерки да ја утврди и отстрани причината. Доколку мерките превземени од сопственикот и/или одгледувачот не покажуваат ефекти, веднаш треба да се консултира доктор по ветеринарна медицина, и доколку е неопходно, да се побара стручен совет од други стручни лица. Болните и повредени животни треба да се сместат во лежишта кои обезбедуваат соодветна удобност и надзор, и доколку е потребно и безбедност и им дозволуваат да останат во визуелен контакт со другите животни. Доколку е неопходно, болните или повредени животни треба да бидат изолирани од другите животни.
Со гравидните животни мора да се постапува со посебна грижа за да се избегне стресот и повредите кои би резултирале со предвремено породување, да имаат на располагање доволно добиточна храна и вода за напојување, за да се одржи нивното здравје и телесна кондиција како и да се обезбеди развој на здрав подмладок.
Осакатување на животните е забрането. Заради избегнување на неповолни дејствија од околината или начинот на држење, треба да се превземат други корективни мерки, за соодветен начин и процедури на држење, прилагодување на животната средина или избор на соодветни видови и родови на животни. Употребата на инструментите за електрични шокови е забранета.
Животните кои се чуваат за фармски цели не смеат да се користат при одвивање на јавни манифестации или демонстрации доколку таквата употреба веројатно ќе биде штетна по нивното здравје и благосостојба.

Нацрт верзија

Забрането е нанесување болки, повреди или предизвикување на страдање на животните.

## Посебни одредби за заштита на животните кои се чуваат за фармски цели[113]

### Посебни одредби за заштита на говедата

При држење на говеда од видот *Bos Taurus and Bubalus bubalus* кои се чуваат за производство на месо, млеко, кожа, или било кои други фармски цели треба да се применуваат следниве одредби за заштита на говедата според Член 8 од закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година.

При држењето на телиња треба да се применува следното:

1. телињата сместени во штали треба да се прегледуваат од сопственикот или од лицето кое е одговорно за животните најмалку двапати дневно, а телињата држени надвор треба да бидат прегледани најмалку еднаш дневно;
2. телињата не треба да бидат врзани, со исклучок на групно сместени телиња кои можат да бидат врзани во период кој не е подолг од еден час за време на хранење со млеко или замена за млеко. Доколку телињата се врзуваат, тоа не треба да предизвикува повреди, треба да биде соодветно прилагодено и редовно надгледувано. Врзувањето треба да биде вршено на начин со кој ќе се избегне опасноста од гушење или нанесување повреди и ќе овозможи движење на телето;
3. на телињата не треба да им се ставаат корпи;
4. телињата треба да се хранат најмалку два пати дневно. Доколку телињата се сместени во групи и не се хранат *ad libitum* или се хранат со помош на автоматски систем за хранење, секое теле мора да има пристап до храната во исто време со другите животни во групата;
5. секое теле треба да прими колострум што е можно побрзо по неговото раѓање, но не подоцна од првите шест часа од животот;

При држењето на бикови за размножување или товење треба да се применува следното:

1. биковите не треба да се држат индивидуално или во групи во која нема да има повеќе од 20 животни. На биковите треба да им се обезбеди соодветна средина за да им се овозможи социјална интеракција. Биковите не треба да бидат приклучувани на групи кои се веќе формирани ниту една група да се приклучува на друга група. Групното држење на рогати бикови или ставање на рогати и обезрожени бикови заедно треба да се избегнува;
2. во случај на појава на воспаление на врвот на опашот или абнормално однесување на биковите треба да се извршат корективни мерки во однос на начинот на држење на животните, смалување на бројот на животни во групата, избегнување на монотона средина, збогатување на исхраната со крмни растенија, подобрување на квалитетот на подот и климатските и хигиенските услови;
3. доколку биковите се врзани, грбните каиши или ланци мора да бидат прилагодени на начин да се избегне секоја непотребна болка или истоштување на животното.
4.Употреба на жица под напон за избегнување на меѓусебното заскокнување на биковите е забрането.

При држењето на крави и јуници треба да се применува следното:

1. при слободно сместување, бројот на животните кои се сместени не треба да го премине бројот на индивидуалните лежишта кои се на располагање, а доколку добиточната храна не се дава *ad libitum*,

[113] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Оддел II Посебни одредби за заштита на животните кои се чуваат за фармски цели Посебни одредби за заштита на говедата Член 8)

Нацрт верзија

бројот на места за јадење. Формата и димензиите на ходниците и на зоната за движење треба да бидат такви за да се избегне непотребно туркање меѓу животните;
2. должината на лежиштата треба да овозможи стоење и лежење на цврст под. Индивидуалните лежишта и стојалишта треба да ги овозможат специфичните движења на животните при легнување и станување;
3. животните не треба да се држат на целосно решеткаста површина. Лежиштето треба да биде покриено со слама или друга погодна простирка со цел да се обезбеди удобност и да се намали опасноста од повреди;
4. користењето на остри ивици, шилести направи и направи за нанесување електрични шокови со цел контрола на однесувањето на животните е забрането. Доколку е неопходно, овие направи може да се користат само за оградување и доколку истите се соодветно прегледани. Тие треба да бидат приспособени за секое поедино животно и вклучени за времето на прилагодување и не смеат да се користат во време пред породување;
5. на животните треба да им се овозможи излегување од шталите кога е тоа можно, а особено во летно време по можност секој ден;
6. техниката и опремата за молзење треба да се изведува односно одржува на начин да се избегнат повреди на вимето;
7. опашот на животните не треба да биде постојано врзан;
8. за време на редовните проверки, треба да се обрати внимание на вимето и гениталиите. За време на последниот месец од бременоста, животните треба повнимателно да се посматраат на евентуална појава на знаци на абнормалност;
9. пред и за време на телењето животните треба да бидат сместени во одвоени јасли со цврст под и со простирка;
10. сопственикот и/или одгледувачот треба да имаат искуство и способност за помагање при телење при што посебно внимание ќе се обрати на хигиената. На кравата треба да и се овозможи да го излиже телето веднаш по раѓањето;
11. доколку постои сомнеж за потешкотии при телењето треба да се побара помош од доктор по ветеринарна медицина уште во раната фаза на телењето;
12. користењето механичка помош при телење, освен рачно користење на ланци и јажиња е забрането. Опремата за механичка помош при телење може да се користи во исклучителни ситуации од доктор по ветеринарна медицина или под негов надзор и само доколку телето може лесно да се ослободи од нив;
13. операции на царски рез може да врши само доктор по ветеринарна медицина, и тоа само при индикации во интерес на индивидуални животни, а не како рутинска мерка;
14. за да се намалат тешкотиите при телење, посебно на јуници, при осеменувањето или припуштањето, треба да се земе предвид видот, големината, староста и претходните записи за родителите;

**<u>Посебни одредби за заштита на овци и кози</u>**[114]

При држење или одгледување на овци од видот *Ovis aries* и кози од видот *Capra hircus* кои се чуваат за производство на месо, млеко, кожа, волна, влакна или било кои други фармски цели, треба да се применуваат одредбите од законот за заштита и благосостојба на животните (службен весник број 113 од 2007 година.

Видот и бројот на овците треба да зависи од погодноста на природната средина и веројатната достапност на доволно храна во текот на годината.

[114] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Посебни одредби за заштита на овци и кози Член 9)



Нацрт верзија

Овците доколку е можно, не треба да се чуваат поединечно.
Секое јагне/јаре треба да прими клострум, колку што е можно побрзо по раѓањето, но не подоцна од првите четири часа од животот.
Возрасните животни кои се чуваат за производство на влакна и волна мора да се стрижат барем еднаш годишно. Стрижењето мора да биде извршено од компетентно лице на начин кој предизвикува најмала можна повреда или болка на животното. Инструментите за стрижење треба да бидат соодветни спрема големината и староста на животното и редовно да се чистат и одржуваат. Пред и за време на стрижењето со животните треба да се постапува внимателно за да се избегнат повреди. Сите рани од стрижење мора веднаш соодветно да се третираат. Истрижените животни не треба да се изложат на неповолни временски влијанија кои непотребно ќе му наштетат на животното, освен во случаи кога тие може да се заштитат на некој друг начин.

**Посебни одредби за заштита на свињите**[115]
При држење на свињи од видот *Sus scrofa* или негови хибриди кои се чуваат за производство на месо, кожа, влакна/четињи или било кои други фармски цели треба да се применуваат одредбите од закон за заштита и благосостојба на животните (службен весник број 113 од 2007 година.

При држењето на свињи од сите категории треба да се применува следното:
1. сместувањето на свињите треба да овозможи исполнување на нивните физиолошки и етолошки потреби;
2. свињите треба да се држат во постојани групи со што е можно помало мешање. Доколку мешањето е неизбежно, тоа треба да биде внимателно надгледувано;
3. кога свињите се преместуваат од еден систем за одгледување во друг, тие треба внимателно да се надгледуваат за да се осигура дека се прилагодиле на новиот систем;
Доколку нерезите се чуваат во група со други нерези или маторици, потребно е да се превземат мерки за да се спречат претерани борби, посебно за време на хранењето. Доколку се јават знаци на јаки борби потребно е веднаш да се испита причината и да се превземат соодветни корективни мерки.
При држењето на маторици и назимки треба да се применуви следното:
1. доколку матoриците се држат во група, групите треба да бидат што е можно постабилни и да се превземат мерки да се спречи претерана агресија преку ставање на располагање на доволно храна, дополнителен простор, визуелни бариери за криење од агресорите и хранилки за несметано хранење. Доколку се јават знаци на јаки борби потребно е веднаш да се испита причината и да се превземат соодветни корективни мерки;
2. држењето при осеменувањето, или припуштањето, кога животните се држат во индивидуални боксови, треба да биде сведено на минимум, но не подолго од четири недели. По исклучок од оваа одредба, групно сместени засушени маторици и назимки може да бидат индивидуално сместени во следниве случаи:
а) маторици и назимки одгледани во држалишта со помалку од 10 маторици;
б) агресивни животни; и
в) лечење на болни и повредени животни.

Нацрт верзија

[115] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Посебни одредби за заштита на свињите Член 10)

3. во неделата пред очекуваното време за прасење на маториците и назимиките треба да им се стави на располагање доволна количина на постелка, освен доколку тоа не е технички изводливо за системот за изѓубрување кој се користи во објектот;
4. сместувањето на маториците и назимките треба да им овозможи исполнување на физиолошките и етолошките потреби на маториците и прасињата пред, за време и после породување соодветно да ги заштити прасињата од повреда или убивање од маторицата и да овозможи правилно прасење со или без помош.
5. пред прасењето и за време на цицањето, треба да се овозможи слободно држење на маториците.
При држењето на прасињата треба да се примени следното:
1. доколку е потребно, посебните потреби на младите прасиња во однос на микроклимата треба да се исполнат со обезбедување на доволна количина на постелка под која можат да се вовлечат, дополнително греење на просторот за лежење или со задоволување на нивните потреби на друг начин кој нема да биде штетен за маторицата.
2. прасињата не смеат да се одбијат од маторицата пред возраст од 28 дена, освен во случаи кога нивната или здравствена состојба и благосостојба на маторицата не се во прашање. Прасињата може да се одбијат од цицање и одвојат од маториците најмногу седум дена порано, доколку се преместат во специјализирани боксови кои се испразнети и потполно исчистени и дезинфицирани пред внесувањето на нова група.
3. кога прасењето се врши во посебни боксови, прасињата мора да имаат доволно простор за да можат да цицаат без тешкотии.
При држењето на одбиени прасиња и прасиња за одгледување треба да се примени следното:
1. доколку одбиените прасиња или прасињата за одгледување се држат во групи потребно е да се превземат мерки за да се спречат борби кои го преминуваат нормалното однесување. Доколку се јават знаци на јаки борби потребно е веднаш да се испита причината и да се превземат соодветни корективни мерки;
2. загрозените животни или поединечните агресивни животни треба да се држат одвоено од групата и
3. употребата на средства за смирување со цел да се овозможи мешање треба да се ограничи на исклучителни околности и само после советување со доктор по ветеринарна медицина.

**Посебни одредби за заштита на кокошки несилки**[116]
При чување на кокошки несилки треба да се применуваат одредбите членот 11 Посебни одредби за заштита на кокошки несилки од закон за заштита и благосостојба на животните службен весник број 113 од 2007 година. Одредбите од овој член не се однесуваат на:
1. објекти во кои се држат помалку од 350 несилки и
2. објекти за размножување и одгледување на родителски јата.
Во зависност од начинот на кој се држат кокошките несилки, сопственикот и/или одгледувачот на кокошките несилки покрај општите услови утврдени со овој закон треба да ги применува и посебните услови за следните системи:
1. алтернативен систем;
2. основен кафезен систем и
3. подобрен кафезен систем.
Објектите за сместување на кокошките несилки треба да ги исполнуваат следните услови:
1. објектот треба да има доволно осветлување да овозможи несилките јасно меѓусебно да се гледаат, да ја гледаат нивната околина и да покажуваат нормално ниво на активност.

[116] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Посебни одредби за заштита на кокошки несилки Член 11)



Нацрт верзија

2. доколку објектот се осветлува со природна светлина таа треба да биде рамномерно дистрибуирана во објектот;
3. изметот треба да се отстранува што е можно почесто, а угинатите кокошки мора да се отстрануваат секој ден;
4. кафезите треба да бидат соодветно конструирани за да се спречи излегување на кокошките;
5. доколку сместувањето на кокошките несилки е на повеќе спратови треба да се има на располагање опрема за непречено надгледување и отстранување на кокошките;
6. формата и димензиите на вратите на кафезите треба да овозможат отстранување на возрасна кокошка без нанесување непотребно страдање или повреда и
7. со цел да се превенира колвањето на пердувите и канибализмот, надлежниот орган може да дозволи кубење на грбот на пилиња помали од 10 дена наменети за несење кое ќе го извршат квалификувани лица.

**Регистрирање на објекти во кои се чуваат животни**[117]
Надлежниот орган воспоставува и води регистар на објектите во кој се чуваат животни за фармски цели, кој редовно се ажурира.
Регистрирањето на објектите се врши врз основа на информации обезбедени од лицето одговорно за објектот, проверени и потврдени со преглед извршен на лице место од надлежниот орган.
При регистрацијата и доделувањето на регистрациониот број, надлежниот орган треба да обезбеди дека:
1. регистрацијата е извршена согласно одредбите од законодавството од ветеринарната област, а особено Законот за идентификација и регистрација на животните и
2. во случај на објекти во кои се чуваат кокошки несилки, регистерскиот број ќе овозможи следење на јајцата наменети за ставање во промет за човечка употреба.
По потреба, регистерот на објекти може да биде достапен и на други органи, со цел следење на животните и производите од животинско потекло пуштени во промет.

**Регистрирани кучиња**[118]
Земјоделците, сопственици на кучиња се должни да ги пријават своите кучиња еднаш годишно во ветеринарните амбуланти, клиники и болници кои се овластени за
спроведување на ветеринарно здравствена заштита од јавен интерес во нивното место на постојан престој, со цел да ги регистрираат и идентификуваат, како и да ги исполнат одредбите во однос на здравствената заштита согласно прописите од областа на ветеринарното здравство. Трошоците за овие постапки се на товар на сопствениците на кучињата.
Регистрираните кучиња кога се на јавно место треба да бидат врзани, со исклучок на ловечки кучиња за време на лов и овчарски кучиња кои придружуваат стадо.

**Правилник за идентификација и регистрација на животните од видовите овци и кози**[119]

Нацрт верзија

[117] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Регистрирање на објекти во кои се чуваат животни Член 12)
[118] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Регистрирани кучиња Член 24)
[57](Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот овци и кози С. Весник 58/08 општи одредби член 2)

(1) Согласно член 10 став (14) од Законот за идентификација и регистрација на животни (во понатамошниот текст „Законот“) средствата за идентификација на животните од видовите овци и кози се ушни маркици и тоа:

а) за животни наменети за одгледување - две ушни маркици со индивидуален број, аплицирани на секое уво.

б) за животни наменети за колење пред 12 месечна возраст, кои потекнуваат од одгледувалишта со помалку животни наведени во член 10, став (12) од Законот, идентификувани согласно став (1) од овој член - една ушна маркица со индивидуален број, аплицирана на левото уво.

в) за животни наменети за колење пред 12 месечна возраст, кои потекнуваат од одгледувалишта со повеќе животни наведени во член 10, став (12) од Законот, идентификувани согласно став (1) од овој член - една ушна маркица со бројот на одгледувалиште, аплицирана на левото уво.

г) за животни без уши односно со уши помали од 5 см, тетоважа или маркица на скочниот зглоб со индивидуален број.

(2) Ушните маркици за животни од став (1) точка а) од овој член, се аплицираат од овластени организации согласно член 21 од Законот, пред животните да наполнат 12 месеци. Двете ушни маркици се составени од машки и женски дел. Женскиот дел од првата ушна маркица која се аплицира на десното уво е правоаголна, додека машкиот дел од првата ушна маркица е округол. Обата дела од втората ушна маркица која се аплицира на левото уво се округли.

(3) Ушната маркица за животни од став (1) точка б) од овој член се аплицира од овластени организации согласно член 21 од Законот, пред движење на животните од одгледувалиштето на раѓање. Ушната маркица која се аплицира на левото уво е округла.

(4) Ушната маркица за животни од став (1) точка в) од овој член се аплицира од одгледувачот, пред движење на животните од одгледувалиштето на раѓање. Ушната маркица која се аплицира на левото уво е округла.

**Регистер на одгледувалиште**[120]

Согласно член 11 од Законот, секој одгледувач тековно надополнетиот регистер на одгледувалиштето треба да го води рачно или компјутерски, според образецот од Прилог бр.6 кој е составен дел на овој правилник.

Регистерот на одгледувалиште ги содржи следниве податоци:

а) За одгледувалиште:

- Регистерски број на одгледувалиштето (РБО)
- Име и презиме и адреса на одгледувачот и
- Адреса со географски координати на одгледувалиштето
- Вид на производство
- Датум и резултати од последниот попис

б) За животно:

- вид на животно (овца или коза)
- пол на животното
- единствен алфанумерички код за идентификација на животното (код на држава и број на ушна маркица);
- Година на раѓање и датум на идентификација
- Месец и година на смрт на животното

[120] (Правилникот за идентификација и регистрација на животни од видот овци и кози С. Весник 58/08 општи одредби член 13,14)

Нацрт верзија

- Раса и доколку е познат генотипот
- Кодот на заменетата ушна маркица доколку е извршена замена и датумот на апликација

в) Датум на извршената инспекција и
г) Потпис на ветеринарниот инспектор кој го извршил инспекцискиот надзор

(1) Заради ажурирање на податоците за бројот на животни на одгледувалиште, согласно член 4 став (4) и член 5 став (5) од Законот, во текот на спроведување на превентивните мерки, овластената организација за Идентификација и Регистрација спроведува и годишно ажурирање на сите животни во одгледувалиштата. Формуларот за ажурирање на податоците се води во форма на регистер наведен во Прилог бр.6 кој е составен дел од овој правилник.
Согласно член 11 став (1) Законот, доколку ажурирањето не го изврши овластената организација, одгледувачот треба тоа да го стори сам и регистерот да го достави до овластената организација.
(2) Податоците кои треба да се внесат при годишното ажурирање се вкупниот број на овци и кози поделени на:

- Вкупен број на животни со две ушни маркици - машки и женски
- Вкупен број на животни до 12 месеци
- Вкупен број на животни со замененти ушни маркици
- Вкупен број на животни до 12 месеци без ушни маркици
- Вкупен број на обележани животни наменети за кланица

**Општи услови за превоз на животни**[121]
За време на превозот на животни, треба да бидат исполнети следните услови:
1. сите неопходни подготовки да се направени однапред, со цел да се намали времетраењето на патувањето и да се задоволат потребите на животните за време на патувањето;
2. животните да бидат подготвени за патување;
3. средствата за превоз треба да бидат соодветно конструирани, одржувани и управувани, на начин да се избегне повреда, страдање, како и да се осигура нивната безбедност;
4. просторот за натовар и истовар да е соодветно конструиран и одржуван, на начин да се избегне повреда и страдање, како и да се осигура нивната безбедност;
5. персоналот кој постапува со животните да е соодветно обучен за оваа цел и да ги извршува своите обврски без употреба на сила, или било кој друг метод со кој се предизвикува непотребно страв, болка, страдање или повреда на животните;
6. превозот до местото на истовар да се извршува без застој, така да условите за благосостојба на животните редовно се проверувани и соодветно одржувани;
7. за животните да е обезбедена доволна подна површина и висина, соодветна на нивната големина и намена на превозот и
8. животните да се понудуваат со вода, храна и одмор во соодветни интервали и со соодветен квалитет и квантитет според нивниот вид и големина.
Не е дозволено превезување или принуда на животни на превоз кој може да предизвика нивна повреда или претерано страдање.

**Заштита и благосостојба на животните за време на колење и убивање**[122]

[121] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Општи услови за превоз на животни Општи услови за превоз на животните Член 27)



Нацрт верзија

Одредбите за заштита и благосостојба на животните за време на колење или убивање се применуваат при пренос, сместување во кланично депо, фиксирање, зашеметување, колење и убивање на животните одгледувани и чувани за производство на месо, кожа, крзно или други производи, како и на методите на убивање на животни заради контрола на болести.
Одредбите од ставот 1 нема да се применуваат при:
1. технички и научни експерименти поврзани со постапките од ставот 1 , извршени под надзор на надлежниот орган;
2. животни кои се убиени во културни или спортски настани и
3. убивање на диви животни за време на лов со средства и начин согласно закон.
Животните треба да бидат поштедени од секое вознемирување кое може да се избегне, болка или страдање за време на пренос, сместување во кланично депо, фиксирање, зашеметување, колење или убивање.

**Услови кои се однесуваат на животните заклани или убиени надвор од кланиците[123]**

При колење на животните надвор од кланиците, се применуваат за животни кои се убиени во културни или спортски настани и убивање на диви животни за време на лов со средства и начин согласно закон:
-Копитарите, преживарите, свињите, зајаците и живината кои се донесени во кланицата за колење треба да бидат пренесени и доколку е неопходно сместени во кланичното депо, фиксирани, зашеметени пред колењето или веднаш убиени и искрварени во согласност со одредбите на овој закон
-Условите за зашеметување предколење нема да се применуваат во случај кога животните се колат со посебниметоди на колење, потребни при одредени религиозни церемонии, а се претходно пријавени и одобрени од надлежниот орган.
Надлежниот орган може да одобри исклучок во однос на живината, зајаците, свињите, овците и козите заклани или убиени надвор од кланиците од страна на нивниот сопственик и за лична употреба, при што колењето или убивањето на животните е во согласност со Општите услови за заштита и благосостојба на животните за време на колење и убивање од законот за заштита и благосостојба на животните животните (службен весник број 113 од 2007 година), а свињите,овците и козите биле претходно зашеметени.
Повредените или заболените животни мора да бидат заклани или убиени на лице место. Надлежниот орган може да одобри превоз на овие животни заради колење или убивање, доколку превозот не предизвикува понатамошно страдање на животните.

**Начин и технологии на држење на добиток[124]**

Држењето на добиток се изведува на начин пропишан преку закон заради обезбедување на квалитетен приплоден материјал, производство на квалитетни производи од анимално потекло, заштита на биолошката разновидност во сточарството и ген банките на добитокот, како и

---

[122] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Глава IV Заштита и благосостојба на животните за време на колење и убивање Оддел I Член 43)
[123] (Закон за заштита и благосостојба на животните ,службен весник број 113 од 2007 година Оддел III Услови кои се однесуваат на животните заклани или убиени надвор од кланиците Постапки со животните Член 47)
[123] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Начин и технологии на држење Член 5 )

Нацрт верзија

обезбедување на негово непречено држење и одгледување. Добитокот мора да се држи согласно со прописите и принципите на добрата сточарска пракса како дел на добрата земјоделска пракса. При држењето на добитокот се дозволени само технологии и начини кои ги исполнуваат етолошките нормативи и се во согласност со начелата кои ги уредуваат должностите на луѓето кон природата, пред се во смисла на траен развој на сите облици на живеење.

Добитокот треба да се држи, храни и одгледува на начин кој ги задоволува неговите биолошки потреби, телесни функции и однесување, да не се пречекорува неговата способност за прилагодување и со него да се постапува согласно со прописите кои ја уредуваат оваа материја. Исхраната, негата и сместувањето на добитокот треба да се соодветни на физиолошките, етолошките и другите потреби на добитокот. По исклучок, присилна исхрана на добитокот е дозволена во случаи за нивно преживување, здравствени причини и истражувачки цели. Транспортот, колењето и усмртувањето на добитокот мора да се изведуваат согласно со прописите кои ја уредуваат оваа материја. [125]

Кога со посебен пропис се заштитува подрачјето на кое се наоѓаат земјоделски земјишта, наменети за сточарство, е потребно пред заштитувањето на ова подрачје да се добие мислење од министерот. Кога со пропис со кој се заштитува одредено подрачје кое го опфаќа обемот или условите за држење на добитокот, сопственикот на добитокот има право на надоместок, при што за загуба и/или намалување на доходот од недвижнина се зема предвид и загубата и/или намалувањето на доходот. Надоместокот, го обезбедува субјектот кој е задолжен за спроведување на прописот со кој се заштитува одредено подрачје. Кога заради јавен интерес е нужно преселување на земјоделското стопанство земјоделскиот имот од постојната локација на нова локација, предлагачот мора да обезбеди средства за таквата мерка. [126]

При држењето, одгледувањето, транспортот и другите постапки со добитокот е потребно да се обезбеди таков начин на однесување кој најмногу им одговара на одделните видови и категории на добиток и да се спречи или отстрани неправилноста или недостатокот во начинот на нивното држење и одгледување кои можат негативно да влијаат врз благосостојбата и здравјето на добитокот.
За болниот, повредениот и изнемоштениот добиток држателот на добитокот е должен да обезбеди посебна нега и соодветна грижа, а во случаите кога е потребно да обезбеди и одделен простор за одделни намени. При држењето на добитокот се забранети однесувања кои би можеле да му нанесат болки, страдање или повреди на добитокот. [127]

Сопственикот, односно држателот добитокот може непречено да го сместува на земјоделски површини и во објекти за држење, кои се негова сопственост или пак ги има изнајмено или закупено, а во случај на одгледување пчели и на необработливите земјоделски земјишта, доколку држењето го извршува согласно со прописите.

Нацрт верзија

---

[125] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Благосостојба на добитокот Член 6)
[126] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Држење во заштитени подрачја и дислоцирање Член 7)
[65] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Држење на добитокот Член 8)
[66] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Непречено држење Член 9)
(Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Земјоделска инфраструктура Член 10)

Никој не смее со противправно однесување да му пречи на сопственикот, односно држателот на добиток при изведувањето на непреченото држење, доколку држателот истото го изведува според прописите. [128]

За изведување на држењето е потребно обезбедување на соодветна земјоделска инфраструктура (огради, пристапи до земјоделските земјишта и земјоделските имоти, земјоделски објекти, на планини и слично). Држателите на добиток согласно со овој закон и другите прописи, можат да поставaт и употребуваат потребна земјоделска инфраструктура која му обезбедува непречено држење на добитокот. [129]

Држателот на одделни видови на добиток е должен да има соодветна обука за држење и постапување со добитокот, исхраната на добитокот, добиточните производи и постапката со арското ѓубре. Степенот и видот на обученоста зависат од барањата на работата при држењето на добитокот. Начинот на вршење на обуката, во зависностод видот на добитокот, го пропишува министерот.[130]

Сопственикот/држателот на добиток согласно со прописите кои ја уредуваат материјата од обласа на ветеринарното здравство, може самиот на сопствената фарма да ги изведува следниве работи, и тоа:
- прва помош (троакирање, сондирање, запирање на крварење, санирање на рани, помош при породување),
- кастрација на прасиња, помлади од една недела,
- давање на препарати со железо против анемија на прасиња орално,
- сечење на опашките кај прасиња и јагниња до четвртиот ден од раѓањето,
- обезрожување на млади категории на добиток,
- брусење на забите кај прасињата на првиот ден од раѓањето,
- грижа и нега за чапунки, копитата и одржување на хигиената на добитокот,
- припуст,
- проверка на бременоста со помош на апарат,
- користење и давање на дозволени фармаколошки средства кои не се поврзани со издавање на рецепт,
- дезинфекција и дезинсекција на сточарските објекти со дозволени средства,
- нега и стрижење на влакната, како и на волната,
- одредување на пол на еднодневни пилиња, како и сечење на крила и клунови на пилињата и
- сечење на крилата на матиците и други пчеларски работи.

Сопственикот/држателот на добиток мора да биде обучен за изведување на зоотехничките работи. [131]

Катастарот на пчелните пасишта е база на податоци за определување на капацитет на дефинирани реони со медоносна флора. Катастарот се води како јавна услуга за стручни задачи во сточарството на подрачјето на следењето и прогнозата на медењето во пчеларството. Пчеларскиот ред за испаша ги определува правилата за организиран превоз до пчелните пасишта, одредени со катастарот за период од пет години. Испаша на пчелите е дозволена само врз основа на потврдениот пчеларски ред за испаша и на начин кој го определува пчеларскиот ред за испаша. Пчеларскиот ред за испаша го предлагаат признатите организации на пчеларите. Доколку на одделно пчелно пасиште има

[129] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Земјоделска инфраструктура Член 10)
[130] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Обученост на држателот на добиток Член 11)
[131] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Зоотехнички работи Член 12)

Нацрт верзија

повеќе признати организации на пчелари, истите мора да приложат заеднички предлог за пчеларски ред на испаша на тоа пасиште. Доколку на одредено подрачје нема призната организација на пчелари или доколку истата не предлага ред за испаша, истиот го предлагаат повисоките форми на организирање. Признатата организација на пчеларите го води и управува пчелното пасиште на подрачјето на дејствување. Повикот за доставување на предлозите за пчеларскиот ред за испаша признатите организации на пчеларите се објавува јавно.

Признатите пчеларски организации подготвуваат програма за следење и прогноза на медењето во пчеларството. Програмата пред се содржи:

- подрачје на дејствување,
- начин на собирање на податоците и
- критериуми и начин на известување на корисниците.

Подеталните критериуми за катастарот на пчелните пасишта, пчеларскиот ред за испаша и програмата за прогноза на медењето во пчеларството ги пропишува министерот.[132]

**Идентификација и регистрација на животните[133]**

Системот за идентификација и регистрација на фармските животни го сочинуваат:

1) средства за поединечна идентификација на животните од видовите говеда, овци, кози и копитари и средства за групна идентификација на животните од видовите овци и кози;
2) регистри на одгледувалишта за животните од видовите говеда, овци, кози и свињи кои се водат на секое одгледувалиште;
3) документи за движење на животните од видовите говеда, овци, кози и копитари;
4) одгледувачот е одговорен за навремена идентификација и регистрација на животните, водењето на регистри на одгледувалиштата и доставување на податоци во Централниот регистар на одгледувалишта на животни и во компјутерската база на податоци;
5) компјутерска база на податоци за животните од видовите говеда, овци, кози и свињи и
6) централен регистар на одгледувалишта на животни од видовите говеда, овци, кози и свињи.

Идентитетот на фармските животни се утврдува со средствата за идентификација и документите за движење.

Животните од видовите говеда, овци и кози мора да се идентификуваат во рок утврден со овој закон. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство може да одобри во случај на елементарни непогоди, вонредна состојба, виша сила, војна и слично да се продолжи максималниот период од раѓањето до идентификацијата, за животните од видовите говеда, овци и кози, но не подолго од шест месеца од раѓањето.

**Централен регистар на одгледувалишта на животни[134]**

Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, воспоставува и води Централен регистар на сите одгледувалишта и одгледувачи на животни од видовите говеда, овци, кози и свињи и, доколку е потребно, ги регистрира сите одгледувалишта на "други животни", со исклучок на превозниците.

Централниот регистар на одгледувалишта на животни ги содржи следниве податоци за секое одгледувалиште:

[132] (Закон за сточарство(Сл.Весник на Р.Македонија бр.7 од 15.01.2008 година Катастар на пчелните пасишта, ред за испаша ипрограма за прогноза медењето Член 14).

[133] (Законо за идентификација и регистрација на животните("Сл. весник на Р Македонија" бр.69/04 од 07.10.2004 година општи одредби Член 4)

[134] (Закон за идентификација и регистрација на животните("Сл. весник на Р Македонија" бр.69/04 од 07.10.2004 година централен регистар на одгледувалишта на животни Член 5)



Нацрт верзија

- географските координати или соодветен показател за географската локација на одгледувалиштето,
- идентификацискиот код на одгледувалиштето,
- видовите на животни, како и бројот на животните кои се чуваат на одгледувалиштето,
- одгледувачите и
- видот на производство.

Секој одгледувач на животни мора да го регистрира одгледувалиштето во Центаралниот регистар на одгледувалишта на животни кој издава единствен код за идентификација на одгледувалиштето.
Секое одгледувалиште мора да остане регистрирано во Централниот регистар на одгледувалишта на животни во рок не пократок од три години од напуштањето на сите животни од одгледувалиштето.
Бројот на животните во одгледувалиштето мора тековно да се ажурира.

**Средства за идентификација**[135]
Секое животно од видот говеда мора да се идентификува со средства за идентификација, одобрени од надлежниот орган, и тоа со:
- ушни маркици и / или
- електронски идентификатор.

Доколку се користат две ушни маркици тие се аплицираат на секое уво.
Одгледувачот е одговорен за навремено обележување и регистрација на животните.
Ушните маркици одобрени од Управата за ветеринарство имаат ист, единствен код за идентификација, со што се овозможува да се идентификува секое говедо поединечно, како и одгледувалиштето во кое било родено.
Сретствата за идентификација мора да им бидат аплицирани на животните во период не подолг од 30 дена од раѓањето на животното и во секој случај пред животното да го напушти одгледувалиштето во кое било родено.
Секое увезено животно од видот говеда, кое го поминало ветеринарниот преглед на граничната ветеринарна инспекција мора да се идентификува во првото одгледувалиште на истовар во Република Македонија, со ушни маркици во согласност со барањата од овој член, во период не подолг од 30 дена од ветеринарниот преглед на граничната ветеринарна инспекција и во секој случај пред напуштањето на одгледувалиштето.
Оригиналната идентификација воспоставена од земјата на потекло, треба да се регистрира во компјутерската база на податоци, како и во регистарот на одгледувалиштето.
По исклучок животното од видот говеда не е потребно да се идентификува, доколку директно се транспортира од граничен премин до кланицата, каде што е извршен ветеринарен преглед и животното е заклано во согласност со Законот за ветеринарно здравство.
Секое увезено животно кое потекнува од земја во која се применува системот за идентификација и регистрација на говеда на ЕУ, ги задржува оригиналните ушни маркици.
Средствата за идентификација не смеат да бидат отстранети или заменети без дозвола на Управата за ветеринарство. Доколку средството за идентификација станало нечитливо, насилно е оштетено или изгубено, одгледувачот мора да ја извести Управата за ветеринарство во најкраток можен рок, но не подолг од седум дена од денот на забележувањето на настанот. Во рок од 30 дена од

[135] (Закон за идентификација и регистрација на животните(“Сл. весник на Р Македонија” бр.69/04 од 07.10.2004 година средства за идентификација Член 6)
[135] (Закон за идентификација и регистрација на животните(“Сл. весник на Р Македонија” бр.69/04 од 07.10.2004 година регистар на одгледувалиште Член 7)

Нацрт верзија

денот на приемот на известувањето, Управата за ветеринарство издава замена која го има истиот код, под услов да утврди дека средството за идентификација припаѓало на тоа животно. Како додаток на кодот, за да се разликува од претходното средство за идентификација, замената мора да содржи ознака за редниот број на замената.

**Регистар на одгледувалиште (Говеда)[136]**

Секој одгледувач на животни од видот говеда, мора да води тековно надополнет регистар на одгледувалиште, рачно или компјутерски кој ги содржи сите информации кои се однесуваат на потеклото, идентификацијата и каде е потребно, дестинацијата на животните, кои одгледувачот ги поседувал, држел, транспортирал, продал, набавил или заклал. Одгледувачот мора да го извести надлежниот орган за сите движења на животните во и од одгледувалиштето, како и за сите раѓања и смрт на животните во одгледувалиштето, заедно со датумите на овие настани во најкраток можен рок, но не подолг од седум дена од денот на забележувањето на настанот.
Регистарот на одгледувалиште мора секогаш да е достапен на одгледувалиштето на барање на надлежниот орган. Податоците од регистарот на одгледувалиштето се чуваат во период кој го одредува надлежниот орган, но не пократок од три години од денот кога последното животно го напуштило одгледувалиштето.
Заради следење на движењето на говедата од одгледувалиштата до пасишта лоцирани во планински подрачја за периодот од 1мај до 15октомври, секое пасиште лоцирано во планинско подрачје мора да има посебен регистарски код и да биде регистрирано во компјутерската база на податоци.
Лицето одговорно за пасиштето, мора да води листа на говедата кои се изнесуваат на летна испаша на тие пасишта. Листата мора да биде потврдена од ветеринарниот инспектор одговорен за тоа подрачје. Лицето одговорно за пасиштето мора да ја известува компјутерската база на податоци за податоците содржани во листата, како и за сите настани кои се случуваат во периодот додека животното е на пасиштето, најдоцна во рок од седум дена од датумот на кој животните биле преместени на пасиштето и од појавувањето на настанот.

**Документи за движење на Говеда[137]**

За секое говедо кое мора да се идентификува, надлежниот орган издава пасош во рок од 35 дена по известувањето за неговото раѓање или во случај на увезено говедо во рок од 35 дена по пријавувањето на повторната идентификација, односно регистрација. Одгледувачот е должен да го потпише пасошот по неговиот прием.

**Документи за движење на видовите овци и кози [138]**

Секое животно од видовите овци и кози мора да се идентификува со средства за идентификација одобрени од надлежниот орган согласно законот за идентификација и регистрација на животните(“Сл. весник на Р Македонија” бр.69/04 од 07.10.2004 година), во рок од шест месеца од раѓањето и во секој случај пред животното да го напушти одгледувалиштето на кое е родено.

Идентификацијата и регистрацијата на животните, согласно со закон, ја вршат овластени организации кои претходно склучиле договор со Министерствотоза земјоделство,шумарствои

[137] (Законот за идентификација и регистрација на животните(“Сл. весник на Р Македонија” бр.69/04 од 07.10.2004 година документи за движење Член 8)
[138] (Закон за идентификација и регистрација на животните(“Сл. весник на Р Македонија” бр.69/04 од 07.10.2004 година член 11)



Нацрт верзија

водостопанство за спроведување на ветеринарно-санитарни мерки од јавен интерес согласно со прописите за ветеринарно здравство[139]

**Обврска за пријавување и ставање во изолација[140]**

Доколку постои појава на жариште на болест која задолжително се пријавува, или постојат знаци кои упатуваат на сомневање за појава на вакв болест, заболеното односно сомнително животно треба да биде изолирано и веднаш да биде известен надлежниот орган директно или преку ветеринарните амбуланти, клиники или болници кои имаат решение за овластување за вршење на активностите во таа епизоотиолошка единица.

Обврската за известување на надлежниот орган ја имаат:

1) сопствениците на животни, или лица одговорни за животните;

2) превозници, трговци, возачи, чувари и лица одговорни или вработени во собирен центар, контролни места, трговски објекти, како и работници во кланици;

3) докторите по ветеринарна медицина и другите стручни лица кои во вршењето на нивните секојдневни активности работат или доаѓаат во контакт со животни и

4) органите на општината, јавни претпријатија и установи или други органи и

организации, асоцијации, ловџии, риболовци и други лица кои имаат сознанија за здравствената состојба на животните од области на нивна надлежност или активност.

Обврската за ставање на болните или сомнителните животни во изолација ја има сопственикот на животните или лицето одговорно за животните.

**Повеќегодишни програми, годишни програми и годишни наредби за здравствена заштита на животните и за јавно ветеринарно здравство** [141]

(1) Најдоцна до 31 декември секоја година, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесува:

- годишна наредба за здравствена заштита на животните со која се наредува спроведување на мерки за заштита на животните од одделни заразни болести, како и периодот за извршување на тие мерки во наредната година и

- годишна наредба за ветеринарно јавно здравство за извршување на ветеринарните мерки и контроли за заштита на јавното здравство од контаминенти или резидуи кои се пренесуваат од животни или производи од животинско потекло и го определува периодот за извршување на тие мерки за наредната година.

(2) Владата на Република Македонија донесува повеќегодишни програми за сузбивање и искоренување на одредени болести од посебна важност за Република Македонија, за период до пет години.

(3) За извршување на мерките од ставовите (1) и (2) на овој член, Владата на Република Македонија донесува годишна програма за користење на средства за здравствена заштита на животните и годишна програма за користење на средства за јавно ветеринарно здравство, согласно со членот 97 од овој закон.

(4) Директорот го координира и врши надзор врз спроведувањето на годишната наредба за здравствена заштита на животните, годишната наредба за ветеринарно јавно здравство и за повеќегодишните програми. Директорот одлучува за користење на средствата од одобрениот буџет,

Нацрт верзија

[139] (Закон за идентификација и регистрација на животните(“Сл. весник на Р Македонија” бр.69/04 од 07.10.2004 година член 21)

[140] (Закон за ветеринарно здравство Службен весник број 113 од 2007 година Обврска за пријавување и ставање во изолација Член 50)

[141] (Закон за ветеринарно здравство Службен весник број 113 од 2007 година Обврска за пријавување и ставање во изолација Член 57)

ги определува приоритетите при распределбата на средства за неопходни активности за што ги утврдува задачите на вработените и потребните средства за нивно извршување.
(5) До 31 март во тековната година директорот му поднесува на министерот годишен извештај за извршената работа во поглед на техничките и финансиските резултати за претходната календарска година.

Секој сопственик или лице одговорно за одгледувалиштето треба:
- со договор да обезбеди услуги од овластен ветеринар,
- веднаш да го повика овластениот ветеринар за одгледувалиштето кога се сомнева на појава на инфективна болест или друга болест која задолжително се пријавува,
- да го извести овластениот ветеринар за сите нововнесени животни во неговото одгледувалиште и
- доколку со прописите од областа на ветеринарното здравство е потребно, да ги изолира животните пред да ги внесе во одгледувалиштето за да му овозможи на овластениот ветеринар да ги прегледа и земе мостри за лабораториски испитувања за потврда на здравствениот статус на одгледувалиштето.
Надлежниот орган води евиденција за овластените ветеринари и за регистрираните одгледувалишта во епизоотиолошкото подрачје кои го сочинуваат системот за надзор. Доколку надлежниот орган утврди дека сопственикот или одговорното лице за одгледувалиштето не ги исполнуваат условите ,без оглед на изречените санкции, статусот на одгледувалиштето ќе биде суспендиран или повлечен.[142]

Одредени видови и категории на животни кои се увезени од одредени земји или нивни региони, можат да бидат задржани во карантински објект на надлежниот орган, или по пристигнувањето, да бидат изолирани од другите животни во одгледувалиштето на дестинација во посебен објект за изолација. За тоа време можат на одреден период, да бидат набљудувани и ако е потребно да бидат тестирани, на трошок на сопственикот.[143]

Со средствата од Буџетот на Република Македонија целосно се покриваат трошоците за спроведување на одобрените планови за итни мерки, и тоа за:
- надоместок за заклани или убиени животни во висина на нивната пазарна вредност,
- надоместок за уништени производи, нуспроизводи од животинско потекло и добиточна храна, во висина на нивната пазарна вредност,
- земање, пакување, испраќање и испитување на мостри,
- дезинфекција, контрола на инсекти и вектори,
- клинички преглед и епидемиолошки испитувања,
- набавка на вакцини и вршење на превентивни вакцинации,
- оперативни трошоци во врска со превоз, убивање и отстранување на животни, производи, нуспроизводи од животинско потекло и добиточна храна,
- набавка на материјали и опрема за еднократна употреба и
- кампањи за информирање и подигање на свеста на јавноста.
Од Буџетот на Република Македонија нема да се обезбедат финасиски средства за покривање на индиректни или трговски загуби кои се последица на заразни болести на животните или спроведување на заштитни мерки заради заштита на здравјето на животните и јавното здравје.

[142] (Закон за ветеринарно здравство Службен весник број 113 од 2007 година Организација и цели на системот за надзор Член 64)
[143] (Закон за ветеринарно здравство Службен весник број 113 од 2007 година Карантин Член 80)
[82] (Закон за ветеринарно здравство Службен весник број 113 од 2007 година Посебни трошоци Член 98)

Нацрт верзија

Надоместокот од закон за ветеринарно здравство (службен весник број 113 од 2007 година) нема да се исплати или ќе биде намален, и тоа:
- во случај на заклани или убиени животни, надоместокот нема да се исплати ако овие животни не се идентификувани или регистрирани 30 дена пред колењето или убивањето,доколку постои систем за идентификација и регистрација за одредени видови животни кој е во примена,
- при колење на животни или преработка на производи, надоместокот ќе се намали за вредноста на добиените производи и нуспроизводи од животинско потекло и
- без оглед на изречената санкција, надоместокот може да биде намален до 100% доколку сопственикот или одгледувачот не постапиле во согласност со Обврска за пријавување и ставање во изолација или не се придржувале на мерките на закон за ветеринарно здравство (Службен весник број 113 од 2007.[144]

Надлежниот орган наплаќа надоместоци од физички и правни лица за:
- идентификација и регистрација на животните и одгледувалиштата, согласно со овој закон и Законот за идентификација на регистрација,
- вршење на службени контроли заради утврдување на здравствен статус на одгледувалиштата и одобрување и регистрација на објекти, увозници, извозници, превозници, трговци и собирни центри,
- гранични ветеринарни контроли на увозните или транзитни пратки на животни, производи, нуспроизводи од животинско потекло, храна за животни и
- издавање на сертификати за здравствената состојба, благосостојбата на животните и јавното ветеринарно здравство или други службени документи кои ги придружуваат пратките на животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло за ставање во промет или извоз.[145]

Само по исклучок на случаи кога животните мора да се заколат принудно, колење на животните надвор од кланица е дозволено за домашна употреба само, ако:
1) надлежниот орган претходно е информиран и го одобрил колењето на живина, зајаци, свињи, овци и кози;
2) се запазени пропишаните услови од Законот за заштита и благосостојба на животните во однос на зашеметувањето и колењето, како и мерките за заштита на животните од какво било вознемирување, болка или страдање и
3) труповите на свињи, овци и кози се прегледани после колењето со добиен задоволителен резултат, на начин, време и место за вршење на прегледот пропишани со овој закон.
Примарното производство на храната за домашна употреба е предмет на употреба на суровина добиена од објект и/или произведена на начин во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство и со примена на општите принципи на добра хигиенска пракса и каде што е применливо, одржување на континуиран ладен термички режим.[146]

Кога постои сомневање за недозволен третман, надлежниот орган:
1) бара од сопственикот или лицето одговорно за животните или докторот по ветеринарна медицина одговорен за истите да ја даде на увид документацијата која го оправдува третманот и
2) кога ваквото испитување ќе потврди недозволен третман, или употреба на недозволени супстанции или производи или кога постои основа за сомневање за нивна употреба, ќе спроведе:

Нацрт верзија

[145] (Закон за ветеринарно здравство (службен весник број 113 од 2007 година Надоместоци Член 99)
[146] (Закон за ветеринарно јавно здравство (службен весник број 113 од 2007 година Оддел II Обврски кои се однесуваат на други оператори со храна Примарно производство на храна за домашна употреба Член 14).

а) преглед на лице место на животните на одгледувалиштето на потекло или поаѓање со цел да открие употреба или траги на импланти, при што може да се земаат и мостри;
б) прегледи за откривање на супстанции чија употреба е забранета, проверки на недозволени супстанции или производи каде што животните се одгледувани, чувани или товени или одгледувалиштето на потекло или поаѓање. За таа намена неопходно е да се земат службени мостри на водата за напојување и добиточната храна;
в) прегледи на лице место на добиточната храна на одгледувалиштата на потекло или поаѓање, водата за напојување или за аквакултура и водата во која тие се чуваат;
г) прегледи наведени во закон за ветеринарно јавно здравство (службен весник број 113 од 2007 година), и
д) преглед неопходен да се разјасни потеклото на недозволените супстанции или производи или потеклото на третираните животни.[147]

**Надзор и контрола на резидуи и недозволени супстанции, зоонози, причинители на зоонози и антимикробна отпорност**

**План за надзор и мониторинг на резидуи и недозволени супстанции[148]**

(1) Мониторинг над одгледувањето на животни и примарното производство од животинско потекло се врши заради откривање на присуство на резидуи, недозволени супстанции кај живи животни, нивни ескрети и телесни течности, ткива и производи од животинско потекло.
(2) Секоја година надлежниот орган изготвува план за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции кај живи животни, нивни ескрети и телесни течности, ткива и производи од животинско потекло. Овој план може да биде дел од повеќегодишниот план утврден со членот 50 од овој закон.
(3) Со планот од ставот (2) на овој член:
1) се обезбедува откривање на групи на резидуи или супстанции според типот на животното;
2) се наведуваат мерките за откривање на присуство на:
а) супстанциите од точката 1 на овој став кај живи животни, во водата за напојување, добиточната храна и сите места каде што животните се размножуваат и чуваат и
б) резидуи на супстанциите од алинејата 1 на оваа точка, кај живи животни, нивни ескрети и телесни течности, ткива и производи од животинско потекло, млеко, јајца и мед и
3) се обезбедува согласност со прописите за земање на мостри и дозволеното максимално ниво на резидуи во согласност со закон.
(4) Планот од ставот (2) на овој член содржи:
1)прописи со кои се определуваат супстанциите, нивното одобрување и забрана, дистрибуцијата и ставањето во промет, како и начинот на спроведување на постапките;
2) организација на надлежниот орган, со детали за видот и капацитетот на телата вклучени во спроведување на планот;
3) одобрени лаборатории со детали за нивниот капацитет за испитување на мострите;
4) нивото на толеранција за одобрени супстанции за кои максимално ниво на резидуи не е утврдено со закон;

[147] (Закон за ветеринарно јавно здравство (службен весник број 113 од 2007 година Општи обврски на надлежниот орган во однос на контрола на резидуи и недозволени супстанции Член 63)
[148] (Закон за ветеринарно јавно здравство (службен весник број 113 од 2007 година Член 61)
[87] (Закон за ветеринарно јавно здравство (службен весник број 113 од 2007 година Член 62)



Нацрт верзија

5) листа на супстанции кои се откриваат, методи на анализа, стандарди за толкување на резултатите и бројот на мостри кој треба да биде земен со објаснување за причината за земење на предвидениот број на мостри;
6) бројот на мостри земен во однос на бројот на животни од различни видови заклани во претходната година во согласност со бројот на мостри и фреквенцијата за земање на истите согласно со овој закон;
7) постапката со земените мостри и правилата кои се однесуваат на водењето на евиденција за истите и
8) видот на мерките изречени од страна на надлежниот орган за животни и производи кај кои биле откриени резидуи.
(5) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство поблиску ги пропишува начинот и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции.

**Службени контроли на резидуи и недозволени супстанции**[149]
(1) Покрај проверките при спроведувањето на планот за мониторинг на резидуи и недозволени супстанции наведен во членот 61 од овој закон, надлежниот орган може да спроведува службени контроли по случаен избор, и тоа:
1) за време на производство, постапување, складирање, транспорт, дистрибуција, продажба и набавка на супстанции утврдени со закон;
2) во секоја фаза на производство и дистрибуција на добиточна храна и
3) во секоја фаза на производство на животни и суровини од животинско потекло утврдено со овој закон.
(2) Контролите од ставот (1) на овој член мора да се спроведат со цел да се открие поседување и присуство на забранети супстанции кои се наменети за примена при товење или недозволен третман на животни.
(3) Кога постои сомневање за измама и во случај на позитивен резултат на контролите од ставот (1) на овој член, се применуваат одредбите од членот 64 на овој закон.
(4) Бројот на прегледите направени во кланиците или на местото на прва продажба на аквакултура и производи од риба може да биде намалено ако одгледувалиштето на потекло или поаѓање припаѓа на мрежата за епидемиолошки надзор или систем за мониторинг на квалитет кој е на сила во согласност со закон.
(5) Прегледите кои се однесуваат на мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции од овој член ги врши надлежниот орган без претходна најава. Сопственикот или негов претстваник е должен да му помага на официјалниот ветеринар или овластените лица при вршењето на службените контроли пред колење на животните и други манипулации проценети како неопходни.

**Општи обврски на надлежниот орган во однос на контрола на резидуи и недозволени супстанции**[150]
(1) Кога постои сомневање за недозволен третман, надлежниот орган:
1) бара од сопственикот или лицето одговорно за животните или докторот по ветеринарна медицина одговорен за истите да ја даде на увид документацијата која го оправдува третманот и
2) кога ваквото испитување ќе потврди недозволен третман, или употреба на недозволени супстанции или производи или кога постои основа за сомневање за нивна употреба, ќе спроведе:
а) преглед на лице место на животните на одгледувалиштето на потекло или поаѓање со цел да открие употреба или траги на импланти, при што може да се земаат и мостри;

[150] (Закон за ветеринарно јавно здравство (службен весник број 113 од 2007 година Член 63)



Нацрт верзија

б) прегледи за откривање на супстанции чија употреба е забранета, проверки на недозволени супстанции или производи каде што животните се одгледувани, чувани или товени или одгледувалиштето на потекло или поаѓање. За таа намена неопходно е да се земат службени мостри на водата за напојување и добиточната храна;
в) прегледи на лице место на добиточната храна на одгледувалиштата на потекло или поаѓање, водата за напојување или за аквакултура и водата во која тие се чуваат;
г) прегледи наведени во членот 62 став (1) точка 1 од овој закон и
д) преглед неопходен да се разјасни потеклото на недозволените супстанции или производи или потеклото на третираните животни.
(2) Кога максимално дозволеното ниво е надминато, надлежниот орган ќе спроведе мерки или ќе изврши испитувања кои се неопходни во однос на наодите кои се во прашање.

**Мерки во случај на позитивен резултат**[151]
(1) Во случај на откривање на резидуи или недозволени супстанции се применуваат следниве мерки:
1) надлежниот орган наложува доставување на увид:
а) податоци за идентификација на одгледувалиштето на потекло или поаѓање и
б) поединости за испитувањата и резултатите од нив. Ако контролата покаже потреба од испитување или преземање на други мерки во други земји, надлежниот орган ќе го извести надлежниот орган на таа земја;
2) надлежниот орган:
а) врши испитување на одгледувалиштата на потекло или поаѓање, за да ги открие причините за присуство на резидуи;
б) во случај на недозволен третман, врши испитување на потеклото или изворите на супстанции или производи во фаза на производство, манипулација, складирање, транспорт, примена, дистрибуција или продажба и
в) врши други испитувања за кои смета дека се неопходни и
3) животните од кои биле земени мостри мора да се јасно идентификувани. Тие не смеат да го напуштат одгледувалиштето се додека резултатите од прегледот не се официјални.
(2) Кога е утврден недозволен третман, надлежниот орган ги става животните под службен надзор. Сите животни мора да имаат службена ознака за идентификација и да е земен соодветен број на мостри од статистички репрезентативен број на животни.
(3) Кога постои доказ за присуство на резидуи или недозволени супстанции или производи во ниво поголемо од максимално дозволеното, надлежниот орган спроведува испитување на одгледувалиштето на потекло или поаѓање, за да отркие зошто е надминато дозволеното ниво. Во согласност со резултатите од тоа испитување, надлежниот орган ги презема сите неопходни мерки за безбедност на јавното здравство кои можат да вклучат забрана за изнесување на животните од одгледувалиштето или забрана за изнесување на производи од одгледувалиштата или објектот за одреден временски период.
(4) Во случај на повторување на неправилностите во однос на максималното ниво на резидуи кога во промет се ставени животни или производи од страна на одгледувач или преработувачки објект, надлежниот орган врши засилени прегледи на животните и производите кои доаѓаат од истите за период од најмалу шест месеца. Производите или труповите се задржуваат до добивањето на официјални резултати од испитувањето на мострите. Со добивањето на резултатите кои покажуваат надминување на дозволеното максимално ниво на резидуи во производите и труповите, истите се прогласуваат за неупотребливи за човечка исхрана.

[151] (Закон за ветеринарно јавно здравство (службен весник број 113 од 2007 година Член 64)



Нацрт верзија

(5) Кога испитувањата потврдиле дека сомневањата се основани, трошоците кои произлегуваат од анализите направени во согласност со овој член се на товар на сопственикот или лицето кое е одговорно за животните или производите.
(6) Трошоците кои произлегуваат од уништувањето на животните кај кои е утврден позитивен резултат или животни за кои се смета дека се позитивни во согласност со членот 65 од овој закон се на товар на сопственикот на животните без право на надоместот на штета или компензација.

**Мерки во случај на прекршок и мерки на претпазливост**[152]
(1) Кога недозволени супстанции или производи се најдени во сопственост на лица кои не се овластени да ги применуваат, недозволените супстанции или производи мора да бидат ставени под службен надзор се до преземањето на соодветни мерки од страна на надлежниот орган, без оглед на можните изречени санкции на прекршителите.
(2) За време на периодот во кој животните се под забрана за движење како што е наведено во членот 64 од овој закон, животните на одгледувалиштата под надзор не смеат да го напуштат одгледувалиштето на потекло или да бидат предадени на друго лице освен под службен надзор. Надлежниот орган презема мерки на претпазливост во зависност од природата на супстанцијата или супстанциите кои биле идентификувани.
(3) Ако по земањето на мостри во согласност со членот 37 од овој закон, се потврди недозволен третман, сите животни или животните кои се позитивни, без одлагање ќе бидат упатени во назначена кланица придружени со ветеринарен сертификат. Животните кои се заклани во целост ќе бидат отстранети во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство. Дополнително мора да бидат земени мостри, на трошок на сопственикот, од сите животни во одгледувалиштето каде што се вршени прегледите и за кои се смета дека можат да бидат сомнителни.
(4) Ако половина или повеќе од земените репрезентативни мостри во согласност со членот 64 од овој закон се позитивни, на одгледувачот му се овозможува да избере испитување на сите сомнителни животни во одгледувалиштето или сите животни да бидат упатени на колење.
(5) Во период од најмалу 12 месеца одгледувалиштето, односно одгледувалиштата во сопственост на ист сопственик ќе бидат предмет на засилени прегледи за присуство на детектираните резидуи. Каде што е воспоставен организиран систем за внатрешна контрола истиот ќе биде повлечен во тој период од страна на надлежниот орган.
(6) Во зависност од утврдените неправилности, одгледувалиштата или објектите кои ги снабдуваат засегнатите одгледувалишта ќе бидат изложени на дополнителни прегледи покрај наведените во членот 62 став (1) од овој закон, со цел да се открие потеклото на недозволените супстанции. Истото ќе се применува на сите одгледувалишта и објекти кои пласираат животни или добиточна храна и се сметаат како одгледувалишта на потекло или поаѓање.

**Мерки кои се применуваат во кланиците**[153]
Официјалниот ветеринар во кланица мора:
1) ако се посомнева или има доказ дека животните биле изложени на недозволен третман или дека недозволени супстанции или производи се употребени:
а) да обезбеди животните да бидат заклани одделно од другите пратки на животни кои пристигнале во кланицата;
б) да ги заплени труповите и внатрешните органи и да изврши соодветно земање на мостри за откривање на недозволените супстанции и

[152] (Закон за ветеринарно јавно здравство (службен весник број 113 од 2007 година Член 65)
[153] (Закон за ветеринарно јавно здравство (службен весник број 113 од 2007 година Член 66)



Нацрт верзија

в) ако се добиени позитивни резултати, да го отстрани месото во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, без надоместок на штета, во согласност со членот 65 од овој закон;
2) ако се посемнева или има доказ дека животните биле изложени на недозволен третман, а не е запазен периодот на излачување од организмот, го одложува колењето на животните, се додека не се постигне дозволеното ниво на резидуи во организмот. Овој период во никој случај не смее да биде помал од пропишаниот период на излачување на таа супстанција или периодот назначен од страна на производителот за кој добил одобрение. Во итни случаи, поради благосостојба на животното или кога инфрастуктурата или опремата во кланицата е таква да не може да се изврши одвоено колење, животните можат да бидат заклани и пред завршувањето на периодот за забрана на колење. Во тој случај месото и внатрешните органи ќе бидат задржани до добивањето на резултатите од службената контрола од страна на официјалниот ветеринар. Само месо и внатрешни органи кои содржат резидуи под дозволеното максимално ниво можат да бидат употребени за човечка исхрана и
3) да ги прогласи за неупотребливи за човечка исхрана труповите и производите кај кои се пронајдени резидуи над максималното дозволено ниво пропишано со закон.

Нуспроизводите од животинско потекло и производите добиени од нив, се собираат, превезуваат, складираат, манипулираат, преработуваат, нештетно отстрануваат, ставаат вопромет, увезуваат, извезуваат, транзитираат или употребуваат во согласност со овој закон (закон за нуспроизводи од животинско потекло (Службен весник на РМ број 113 од 2007 година)).
Оставање, фрлање и неконтролирано отстранување на нуспроизводи од животинско потекло е забрането.
Одгледувачите на животни се обврзани да пријават до Управата за ветеринарство и правното лице определено за собирање на животинските мрши и нуспроизводи од животинско потекло за сите пцовисани животни независно од причината на пцовисувањето.
Правните и физичките лица кои при вршењето на дејноста создаваат нуспроизводи од животинско потекло, се должни на пропишан начин да обезбедат нештетно отстранување или преработка така што да не претставуваат ризик за здравјето на луѓето и животните, водата, воздухот, почвата и растенијата. [154]

[154] Закон за нуспроизводи од животинско потекло (Сл. весник на РМ број 113 од 2007 година Општи обврски Член 6)
[93]( Законот за заштита на природата,“Сл. весник на Р Македонија” бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 1,4)
[94] (Законот за заштита на природата,“Сл. весник на Р Македонија” бр.67/04 од 04.10.2004 година, Член 5)

## VII. БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

Производството и прометот на небезбедна храна[155] е забрането.
Како небезбедна храна, во смисла на овој закон се смета храната што:
1. Е несоодветна за човековата употреба, е со изминат рок на употреба и е оштетено пакувањето што може штетно да влијае на квалитетот на храната;
2. Е произведена или продадена со отстапување од барањето за хигиената на храна и не е во согласност со правилата на добрата производствена, добрата хигиенска и добра земјоделска пракса;
3. Ги доведува во заблуда потрошувачите;
4. Содржи патогени микроорганизми или патогени паразити, односно нивни развојни форми и секрети или штетници што можат штетно да влијаат врз здравјето на луѓето;
5. Содржи остатоци од пестициди и лекови од ветеринарна употреба што не се дозволени или во количества над максимално дозволените нивоа;
6. Содржи токсични метали, неметали, други хемиски загадувачи од околината, како и отрови и други материи во концентрација која може штетно да влијае врз здравјето на луѓето;
7. Е механички загадена со примеси што можат штетно да влијаат врз здравјето на луѓето или предизвикува гадење;
8. Содржи адитиви што не се дозволени за производство или ако содржи недозволени количества адитиви, или ако адитивите се технолошки неправилно применети;
9. Е со изменет состав или органолептички својства поради физички, хемиски, микробиолошки или други процеси;
10. Содржи радионуклеиди над определената граница или е озрачена над границите определени со прописите;
11. Не е означена или ако од означувањето не може да се утврди рокот на траење;
12. Нема податоци од декларацијата на пакувањето од кое се продаваат кога се работи за храна што

155 (Законот за безбедност на храната и на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната Сл. Весник 54/02, Член 6,8,16,20,56)

Нацрт верзија

не е во оригинално пакување, односно што се продава во растурена состојба (ринфуза);
13. Е од животинско потекло и не е означена со ознаките за безбедност во согласност со прописите за ветеринарно здравство;
14. На било кој начин претставува ризик за здравјето на човекот и
15. Растителна храна и производи од растителна храна врз чии семенски материјали е генетски интервенирано.
Министерот за здравство ги пропишува општите барања за безбедност на храната, како и посебните барања за безбедност на одделните видови храна во согласност со општите барања за безбедност на храната.
Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со општите барања пропишани со овој закон ги пропишува посебните барања за храната од животинско потекло.
По исклучок од членот 12 на овој закон, производителот може да произведува храна со употреба на јонизирачко зрачење само по претходно одобрение од страна на Дирекцијата. Начинот на издавање на одобрението и потребната документација од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за здравство и министерот за животна средина и простор но планирање.

Трговецот на храна може да врши промет на храна само во објекти, простор и опрема што не влијаат штетно на безбедноста на храната. Промет на храна може да се врши и на пазари и саеми под услови и на начин што ќе ги пропише министерот за здравство, во согласност со министерот за економија и министерот за животна средина и просторно планирање.
Трговецот на храна што врши промет на храна, покрај општите услови пропишани со прописите за трговија, мора да ги исполнува и посебните услови што ги пропишува министерот за здравство во согласност со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Транспортот на храната, трговецот е должен да го врши со превозни средства кои ги исполнуваат санитарнохигиенските услови пропишани од министерот за здравство.

Производителите и трговците со храна должни се своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон. Производителите од ставот 1 на овој член, должни се во рок од еден месец од денот на истекот на рокот од ставот 1 на овој член да поднесат пријава до Дирекцијата.

Нацрт верзија